Република Македонија

Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје

Филозофски факултет

Последипломски студии по менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности

Магистерски труд

# ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ПРЕКУ ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Ментор:

Проф. Д-р Зоран Матевски

Кандидат:

Билјана Мишева 2510

Ноември

2012

# СОДРЖИНА

ВОВЕД.....5

I ДЕЛ

ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....7

1. Формулирање на проблем на истражувањето.....8

2. Процес за подобрување на училиштата.....11

2. 1. Крајни цели.....11

3. Институции и агенции вклучени во процедурата на грантови за подобрување на училиштето.....13

3. 1. Меѓувладин советодавен одбор на проектот.....13

3. 2. Советодавен комитет за подобрување на ефективноста на училиштата.....13

3. 3. Единица за координација на проектот.....13

3. 4. Регионални одбори за евалуација.....13

3. 5. Регионалел тим за обука и соработка.....14

3. 6. Државен просветен инспекторат.....14

3. 7. Биро за развој на образованието.....14

4. Избор на училиштата.....15

4. 1. Допустливост и подготовки.....15

4. 2. Приоритети.....16

4. 3. Одобрување на плановите и предлозите за грантови.....16

4. 4. Формула за доделување на грантови.....17

4. 5. Дополнителни апликации.....17

5. Кадри и поддршка.....18

5. 1. Училишниот одбор.....18

5. 2. Директорот на училиштето.....18

5. 3. Работните групи.....19

6. Обука и надворешна поддршка од тимот за регионална поддршка.....19

II ДЕЛ

САМОЕВАЛУАЦИЈА....21
Основни поими на истражување....22
1. Самоевалуација....23
1.1. Самоевалуација на училиштата во европски контекст....25
1.2 Самоевалуација на училиштата во Хрватска....28
1. 3. Самоевалуација на училиштето во Македонија....30
1.4. Клучни прашања на кои училиштето треба да обрне внимание за време на самоевалуацијата:....30
1. 5. Рамка за самоевалуација на училиштата....31
1. 6. Кој пристап да се користи во евалуацијата....32
2. Категории во рамката....34
2.1. Користење на рамката....34
2. 1. 1. Прв дел. Прибирање на податоци и одговарање на прашањата....34
2. 1. 2. Втор дел. Анализирање на податоците....35
2. 2. Формат за резиме на самоевалуацијата на училиштето....35
3.Релевантни истражувања во врска со изучуваниот проблем- Самоевалуација на училиштето: ООУ „Даме Груев“, с. Ерџелија....37
4.. Други документи....88

III ДЕЛ

ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО....89
1. Цели на истражување....90
1. 1. Научна цел на истражување....90
1. 2. Практична цел....90
2. Задачи на истражувањето....91

3. Хипотези на истражувањето....92
3. 1. Генерална хипотеза....92
3. 2. Посебни хипотези....92
4. Методи, техники и инструменти на истражување....93
5. Примерок на истражување....95
6. Статистичка обработка на податоците....95
7. Организација и тек на истражување....96

IV ДЕЛ

АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТНИТЕ ПРАШАЛНИЦИ ЗА НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ И РОДИТЕЛИ И АНАЛИЗА НА ИНТЕРВЈУТО СО УЧИЛИШНИ СОРАБОТНИЦИ....97
1. Анкета со наставници, ученици и родители....98
2. Анализа и интерпретација на резултатите од анкета со наставници, ученици и родители....101
2.1. Анализа и интерпретација на резултатите анкета со наставници....101
2. 1. 1. Заклучни согледувања од анкетата со наставници....131
2.2. Анализа и интерпретација на резултатите анкета со ученици....133
2. 2. 1. Заклучни согледувања од анкетата со ученици....156
2.3. Анализа и интерпретација на резултатите анкета со родители....158
2. 3. 1. Заклучни согледувања од анкетата со родители....180
2.4. Анализа и интерпретација на резултатите интервју со училиштен соработник....182

V ДЕЛ

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ВРЗ ОСНОВА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО....185
1. Улогата на наставниците во процесот на самоевалуацијата во основното образование....186
2. Улогата на учениците во процесот на самоевалуацијата во основното образование....188

3. Улогата на родителите во процесот на самоевалуацијата во основното образование....189
4. Улогата на училишните соработници во процесот на самоевалуацијата во основното образование....190
5. Заклучни согледувања....191

## VI ДЕЛ

ПРИЛОЗИ....192
1. Прашалник за наставници....193
2. Прашалник за ученици....198
3. Прашалник за родители....201
4. Интервју со училиштен соработник....204
5. Користена литература....205

# Вовед

Не постои личност, која во својот живот не поминала низ образовниот процес и не постои личност, чиј живот не бил детерминиран од образовниот процес и неговите насоки.

Токму поради тоа квалитетот на образовниот систем е од пресудно значење за развојот на секој поединец. Затоа секоја земја мора да инвестира во создавање на квалитет на образованието на генерациите кои во иднина ќе управуваат со таа земја.

За следење на квалитетот на воспитно - образовниот процес од огромно значење е процесот на самоевалуацијата. Резултатите од спроведената самоевалуација треба да одговорат дали остварените резултати се во согласност со претходно поставените цели. Значењето на овој процес е преголемо, затоа што без информација за нивото на исполнување на претходно поставените цели нема да постојат корективни мерки онаму каде што се неопходни и честа ке биде појавата на крајот да се добие спротивен резултат од оној што се предвидувал. Тогаш веќе е премногу доцна за дејствување бидејки се направени премногу непродуктивни трошоци кои долго време ќе ги намалуваат евентуалните позитивни резултати. Спроведената самоевалуација покажува кој дел од процесот отстапува од антиципираните траектории и каде треба веднаш да се дејствува.

Искуството покажува дека во секоја земја, која учествува во проектот Воведување на методологии и иницијативи на пактот за стабилност поврзани со образованието за демократско општество, постои потреба за спроведување на процесот на самоевалуација.

Основното образование е основниот процес кој мора да го помине секоја личност. Овој базичен процес остава траги во текот на целиот подоцнежен живот на таа личност.

Директорот и наставниците се педагозите кои имаат авторитет и одговорност да го остварат воспитно- образовниот процес кај секој ученик кој е дел од тој процес.

Самоевалуацијата е идеален вид на евалуација со која може да се даде одговор на прашањата: Дали очекуваните резултати се постигнати? Кои се

процесите на промена во соодветниот проект? Каква е интеракцијата? Дали распределбата на задачите и на одговорноста е доволно јасна итн.

Во самоевалуацијата човечките ресурси ја преиспитуваат својата работа, личното извршување, резултатите, интеракцијата, процесите во кои учествуваат. Евалуаторот и евалуираните се идентични. Она што се преиспитува е сопствениот домен на одговорност, во имплицитен и експлицитен облик. Во самоевалуацијата личноста е и субјект и објект на евалуација.

Самоевалуацијата е метод на градење на тим. Тоа е процес на учење и развој за кои се одговорни луѓето кои учествуваат во него. Учесниците во него се стекнуваат со вештини за работа во тимови во разни подрачја на собирање податоци и нивна анализа до целосно добивање на резултати. [1]

Самоевалуацијата нуди огромни можности за корегирање на негативностите во работењето на човечкиот потенцијал во училиштата, како и негување и поттикнување на сите позитивни појави во оваа сфера. Преку самоевалуацијата човечките ресурси кои се инволвирани во самиот процес ги идентификуваат и одредуваат потребите и приоритетите и ја даваат основата за ефективен план за развој на училиштето.

Самиот процес на самоевалуација се спроведува преку дадена рамка на самоевалуација која пак претставува основен документ чија намена е успешно да ги води и насочува училиштата низ целиот процес на самоевалуацијата. Процесот на самоевалуацијата ќе добие во димензија ако се одликува со искреност и заложби за истражување на постигнувањата како и проблемите со кои се соочуваат. Самоевалуацијата на секое училиште се вреднува од страна на државниот просветен инспекторат кој дава оценка и можност за корекција на добиените резултати.

Во минатата учебна година едно од овие училишта беше предмет на интегрална евалуација. За сите слаби страни што произлегоа од самоевалуацијата училиштето беше задолжено да помогне во изнаоѓање на решенија кои се возможни и остварливи.

[1] Прирачник за самоевалуација, И.М.Пакт - Јуни 2002 (Лозана, стр. 10)

# I ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Формулирање на проблемот на истражувањето

Со самоевалуацијата се јакнат и мотивираат човечките ресурси да се стават во функција на подобрување на целиот воспитно-образовен процес. Со самоевалуацијата човечките ресурси сами согледуваат каде се наоѓа училиштето и што треба да превземат за подобрување на наставата, инфраструктурата и обуките во кои се вклучат и самите наставници и се здобиваат со уште поголеми знаења.

Човечките ресурси се најдинамичниот дел од сите ресурси во училиштата и е потребно големо залагање на директорот и училишниот менаџмент за да овозможи целосно развивање и искористување на потенцијалот на наставниците во работата. Наставниците кои се вклучуваат во самиот процес на самоевалуација како нов пристап во процесот на обебедување и контрола на квалитетот во наставата. Самоевалуацијата ги мотивира субјектите за подобро работење и за промени кон подобар квалитет. Тие во овој процес стануваат критичари на својот труд, своето работење и лично кон себе. Го изразуваат својот однос кон она што го постигнуваат во согласност со визијата и мисијата на училиштето и она што сами пред себе си го поставуваат како цел.

Наставниците и вработените, учениците, родителите најдобро се запознаени со работата, условите и постигнатите резултати.

Учесниците во процесот на самоевалуацијата се истите луѓе кои ќе треба да реализираат корективни активности кои водат кон одржување или подобрување. Самоевалуацијата го јакне чувството за наредни цели и активности и го јакне чувството за припадност кон процесот на самоевалуација и ја зголемува одговорноста за евентуален неуспех.

Вклучувањето на човечките ресурси во самоевалуацијата значи стекнување на сознанија за самоевалуацијата и се основа и клучен фактор за колегијално и надворешно вреднување. Нема вреднување без самоевалуација. Колку, како и што ќе се постигне во рамките на воспитно-образовниот процес преку самоевалуацијата како развивачка функција е во нивни раце. Самоевалуацијата е добар инструмент за јакнење на училиштето, за поттикнување, унапредување на квалитетот, за добро планирање и унапредување на ниво на одделение-паралелка, училиште и

локалната заедница.

Училиштето има можност само да си ги идентификува проблемите, приоритетите и идните активности и за тоа да ги известува родителите и заедницата во која делува и воедно да покрене демократска расправа меѓу сите вклучени човечки ресурси.

Самевалуацијата е една рамка на истражување со однапред дадени и применливи инструменти. Таа е дадена од однапред одредена институција во согласност на законот за основно образование-Службен весник на РМ103/146 член,[2] а претходно потпомогната од Проектот за Модернизација на образованието на РМ каде сите училишта беа задолжени и поделени во 7 реони да ја направат самоевалуацијата и потоа на крај на секоја втора учебна година да го повторат овој процес . Се спроведува во 7 подрачја како што се: Наставен план и програма, Постигања кај учениците, Учење и настава, Подршка кај учениците, Етос- училишна клима, Ресурси и Раководство и креирање политика.

Глобален модел е развиен во склоп на евро-проектот Evaluation Quality in school education 1997/98 година и истиот е реализирана во 18 европски држави со Декларација од конференција во Виена со која се повикуваат сите училишта да промовираат самоевалуација како ефикасна стратегија за унапредување на квалитетот на училиштето. Во Австрија самоевалуацијата е верифицирана со Curriculum во 1999 година и се опфатени скоро истите подрачја на истражување и се побарало да се донесе како законски акт како задолжителна постапка за сите училишта.Во Англија не постои обврска за училиштата да спроведуват процес на самоевалуација.Во Холандија со закон од 2002 година е одлучено да се користат податоци од самоевалуација како можност за своја супервизија. Словенија достигна најдалеку од сите земји преку проектот-Tempus-програма за квалитетот во образованието. Врз основа на самоевалуацијата спроведена во Хрватска се добиваат одговори на 3 најважни прашања

-Какво училиште сме ние?

-Како го знаеме тоа?

-Што ќе направиме да бидеме подобри?

---

[2] Закон за основно образование Сл.Весник 103 член 146
www.kvalis.info/dmd - samovrednuvanje

Така од сите белези за самоевалуацијата од разни искуства во различни земји се преземаат сознанија и во нашата земја. Училиштето треба да направи темелна анализа со помош и сугестии од учениците, наставниците, родителите за да се увидат сопствените предности, недостатоци, можности, сопствени приоритети и цели. Училиштето треба да се поврзе со сите елементи на општественото опкружување а посебно родителите кои со учениците се најважните клиенти на училиштето. Човечките ресурси се многу важни за постигања на дијалози за цели, преоритети и критериуми за квалитетот на ниво на одделението и училиштето. Со самоевалуацијата кај човечките ресурси се додава енергија и чувство на сопствена интелигенција. На крај самоевалуацијата претставува едно продолжение на развојниот план на секое училиште чија изработка се темели на добиените приоритети во областа на наставата и нејзиниот квалитет, во професионалниот развој на наставниците како и подобрувањето на училишната инфраструктура.

Со релевантните истражувања во процесот на самоевалуација се постигнуваат предизвици кои вклучуваат јакнење на капацитетите на човечките ресурси.[3]

Самоевалуацијата може да се разгледа како модел на огледало и модел на тркало. Модел на огледало претставува секојдневно гледање каде треба да бидеме и да ги воочиме сите детали кои треба да се искорегираат или отфрлат.

Тркалото претставува како модел на разгледување на самоевалуацијата бидејќи „животот" може да се разбере само назад, но може да го живееш само напред. Симболот на тркалото во ротацијата ги покажува промените околу центарот, а истите го креваат тркалото напред или назад.

Самоевалуација на училиштето претставува систематска и темелна анализа, направена од училишната заедница (родителите, наставниците, вработените во училиштето, локалната заедница, локалните власти) на тоа до кој степен училиштето претставува ефективно училиште. Со овој процес се идентификуваат јаките страни и дефинираат планови за обработка на областите во кои е потребно подобрување.

[3] (Прирачник за самоевалуација, И.М.Пакт, 2002 : 7)

## 2. Процес за подобрување на училиштата

Овој дел содржи насоки за процесите со кои училиштата ќе аплицираат и ќе ги користат грантовите за подобрување на училиштата. Тоа се концентрира на обезбедување јасна слика за севкупниот процес и ги дефинира фазите во кои ќе се работи. Основните документи или шаблони илустрираат во која насока треба да се движи училиштето и како да го евидентира процесот и неговите фази. Во интерес на јасноста вклопување, понекогаш овие документи се скратени или дадени во поинаков формат отколку оној кој треба да го користат училиштата. Подетална обука и совети, како и примероци од формуларите кои се бараат се обезбедуваат на регионални работилници или од регионалните училишни соработници како и од Единицата за координација на проектот. За да се поттикне размената на искуства помеѓу училиштата, обуката се базира на партиципативен пристап (учество) и исто така користи материјали кои даваат детални примери и објаснувања.

### 2. 1. Крајни цели

Процесот на грантови за подобрување на училиштето има за цел да:

- Помогне во развојот на капацитетот на училиштата да управуваат со своите сопствени работи врз основа на нивното учество во евалуација, планирање и делување за подобрување на училиштето.
- Ги поддржи националните приоритети за образование како што се зголемување на присуството и намалување на осипувањето; подобрување на квалитетот на наставата и учењето, решавање на разликите во обезбедувањето настава за постигнување помеѓу училиштата во урбаните и руралните средини, како и помеѓу заедниците.
- Го поддржи Проектот за модернизација на образованието со што ќе се воспостави:
  - Нов систем за надворешна евалуација и мониторинг.

- Реорганизација на управувањето, менаџирањето и администрирањето со образованието за да се зголемат децентрализираните обврски.
- Зголемување на професионалната воспставеност и капацитет на училишното раководство.
- Поддршка на тековниот професионален развој на наставниците и развој на пазарен пристап во понудата за професионален развој во рамките националниот систем за акредитирање.
- Подобрување на квалитетот на оценување.

Овие национални цели и приоритети мора да се видливи и во пристапот кој го користат училиштата во време на целиот процес.

Во целиот овој процес, клучни прашања за училиштата се:

- Каде се наоѓаме сега ?
- Каде сакаме да бидеме?
- Како да дојдеме до таму?
- Кој ќе биде вклучен во тоа?
- Кои ќе бидат придобивките за нас?

Проектот за модернизација на образованието дава поддршка на овој циклус така што се обезбедува финансиска поддршка во вид на грантови за подобрување на училиштата, како поддршка на предлозите на училиштата за нивно сопствено подобрување.

Процесите се во согласност со редефинирањето на улогата на училиштата и улогата на училишните одбори. Со користењето на доказите добиени преку мониторинг и евалуација, циклусот на подобрување на училиштето може да стане континуиран процес.

## 3. Институции и агенции вклучени во процедурата на грантови за подобрување на училиштето

За да се помогне во целиот процес, Министерството за образование и наука (во рамките на Проектот за модернизација на образованието) основа неколку тела.

### 3. 1. Меѓувладин советодавен одбор на проектот

Надзорниот одбор на проектот ги надгледува сите компоненти на Проектот за модернизација на образованието.

### 3. 2. Советодавен комитет за подобрување на ефективноста на училиштата

Овој комитет претставува комитет од највисоко ниво чија цел е да ја набљудува имплементацијата на национално ниво, да составува извештаи за остварениот напредок до Министерството за образование и наука и до соработниците (партнерите), како и да биде крајна инстанца за жалби во врска со процесот.

### 3. 3. Единица за координација на проектот

Во рамките на Проектот за модернизација на образованието функционира Единица за координација на проектот (ЕКП) и таа води сметка за неговата реализација. Советникот за образование во Единицата е задолжен за имплементација на грантовите за подобрување на училиштата. Вработените во Единицата задолжени за набавки и финансии обезбедуваат поддршка со која се овозможува правилна примена на процедурите за користење на грантовите.

### 3. 4. Регионални одбори за евалуација

Регионалните одбори за евалуација ги оценуваат евалуациите изготвени од страна на училиштата и развојните планови на училиштата во

вид на предлози за грантови, и вршат мониторинг на имплементацијата на плановите за подобрување на училиштата. Регионалните одбори се составени од претставници на други институции. Тие се состануваат во определени моменти во рамките на целиот циклус за да ги разгледаат барањата (апликациите) за грантови на училиштата.

### 3. 5. Регионалел тим за обука и соработка

Овој тим обезбедува поддршка на училиштата така што нуди обука, помош, совети и конкретна поддршка во училиштата. Од страна на тим составен од меѓународни консултанти, проект координатори и регионални училишни соработници, се одржуваат работилници за обука. Во секој регион регионалните училишни соработници работат заедно со училиштата.Тие им одговараат на двајца централно-базирани координатори на проектот кои ја планираат и набљудуваат нивната работа.

### 3. 6. Државен просветен инспекторат

Државниот просветен инспекторат има задачи да обезбеди дали училиштата работат согласно законот и регулативите. Тој ја има клучната улога во оценувањето на ефективноста и квалитетот на работата на училиштето.

### 3. 7. Биро за развој на образованието

Бирото за развој на образованието обезбедува поддршка за училиштата во врска со курикулумите, нивна оценка како и за педагошки прашања. Поддршката која ја обезбедува Бирото е во сообразност со онаа која ја обезбедуваат координаторите на проектот и регионалните училишни соработници, особено во врска со давањето поддршка за самоевалуацијата и развојниот план на училиштата.

# 4. Избор на училиштата

## 4. 1. Допустливост и подготовки

На сите училишта им е дозволено да добијат грант за подобрување на училиштето веднаш штом ќе ги спроведат подготовките кои ги исполнуваат долунаведените критериуми. Проектот за модернизација на образованието има цел да добие апликации за грантови од сите училишта во текот на трите години од времетраењето на проектот. Секако дека се има во предвид фактот дека на некои училишта им треба подолго време а некои имаат потреба од дополнителна поддршка за да ги комплетираат апликациите.

Во седум региони низ целата држава се воспостави регионална евалуација, поддршка од регионалните училишни соработници како и обука за развивање на капацитетите. Постојат одредени ограничувачки фактори кои влијаат врз училиштата и претставуваат пречки за почеток на нивната работа. Првиот е политиката на Министерството за образование за давање приоритети. Вториот е што сите училишта треба да присуствуваат на обуки пред да започнат да работат на изготвување на овие планови и евалуации (во работни групи).

Сите добиваат примерок од пакетот за поддршка кој треба да помогне во изготвувањето на самоевалуацијата на училиштето, развојниот план на училиштето и на планот за подобрување на училиштето. Пакетот содржи дел од следните материјали:

- Насоки за самоевалуација на училиштата, развоен план на училиштата и планот за подобрување на училиштата/грантови за подобрување на училиштата, вклучувајќи и готови формати и формулари;
- Критериумите кои ќе се користат при евалуацијата;

- Контакт деталите на Единицата за координација на проектот, регионалниот тим за поддршка и на Регионалниот одбор за евалуација;[4]

Поддршката и обуката се на располагање согласно временската рамка, која ги рефлектира потребите на училиштата и националните приоритети.

**4. 2. Приоритети**

Главна карактеристика на плановите за обука и поддршка е постојаната  тековна помош за училиштата. Критериумите за приоритизирање ги одредуваат групите на училишта кои влегуваат во процесот на грантови за подобрување на училиштето, во секој циклус. Секој циклус од училишта во просек се состои од околу 10% училишта кои се сметаат за развиени, 20% училишта кои се сметаат за средно развиени и 70% училишта кои се соочуваат со повеќе проблеми.

Севкупно земено, Единицата за координирање на проектот има задача да осигура дека плановите за поддршка ги земаат во предвид овие приоритети и тие до најголем можен степен треба да бидат во насока на ефикасна и ефективна помош и обука. Тимовите за поддршка се во тесна соработка со Единицата за координирање на проектот за тоа колку помош им се дава на училиштата во секоја фаза од циклусот.

**4. 3. Одобрување на плановите и предлозите за грантови**

Процесот на разгледување и одобрување за секое училиште се состои од две фази:

- На крајот од првата фаза соодветниот Регионален одбор за евалуација врши преглед на самоевалуацијата на училиштето и на развојниот план на училиштето и ги споредува со критериумите, по

[4] (*Прирачник: Грантови за подобрување на училиштата 2005 : 2-13)*

што или ги одобрува или доставува јасен писмен одговор за тоа каде треба да се направат подобрувања.

- Кога плановите ќе бидат одобрени, може потоа да се продолжи со изготвувањето на предлогот за подобрување на училиштето за потребите на апликацијата за грантови.
- Втората фаза претставува оценка, од страна на соодветниот Регионален одбор за евалуација, на предлогот за подобрување на училиштето и дали истиот ќе биде финансиран со грант за подобрување на училиштето.

Кога апликацијата (планот за подобрување на училиштето и грантовите за подобрување на училиштата) е одобрена, се потпишува договор со Министерството за образование и наука за доделување на грантот.

### 4. 4. Формула за доделување на грантови

Основни училишта

Секое училиште кое претставува правен субјект има право да добие грант за подобрување на училиштето, составен од следните компоненти:

- $7000 (максимум)
- Плус $1500 за секое подрачно училиште
- Плус $9 за секој запишан ученик во моментот на аплицирање.

Пример, основно училиште со 3 подрачни училишта и со вкупно 700 ученика ќе има право да добие грант за подобрување на училиштето со износ:

$7000 + (3 x $1500) + (700 x $9) = $17 800[5]

### 4. 5. Дополнителни апликации

Доколку се добие грант за подобрување на училиштето и истиот се имплементира, можно е да се даде повторна шанса за доставување уште една апликација. Доколку се размислува за втора апликација истата ќе биде одобрена само доколку училиштето постапувало согласно процедурите за набавки, управување со финансиите и известување од првиот грант.

[5] (*Прирачник: Грантови за подобрување на училиштата 2005 : 16)*

Дополнителната апликација мора да ги следи истите процедури како и првата, и да ги користи инструментите од самоевалуацијата на училиштата за да ги согледа активностите кои може да бидат поддржани со грантовите за подобрување на училиштата и да обезбеди усогласеност со планирањето на развојот на училиштето. Во такви околности, можно е да се воведат дополнителни критериуми за селекција и одобрување на втората апликација. Училиштето во кое работи авторот на трудот имаше таква можност да аплицира за втор грант каде при учеството имаше селекција. Добро изработена апликација и правилно постапување на претходната апликација по барањата и процедурите на проектната единица овозможи да се добие втор грант за училиштето.

## 5. Кадри и поддршка

### 5. 1. Училишниот одбор

Севкупната одговорност за подобрување на училиштето е во рацете на Училишниот одбор. Тој го надгледува процесот и од него се бара да ги одобри самоевалуацијата, развојното планирање на училиштето како и планот за подобрување на училиштето и апликацијата за грантовите и истите да ги достави на одобрување. Одборот ја има задачата да го имплементира планот за развој на училиштето и да ги испрати и одобри потребните училишни документи за извештаи кои подетално се објаснети понатаму во текстот.

### 5. 2. Директорот на училиштето

Директорот на училиштето ја има клучната лидерска улога во планирањето и координирањето на вработените (кадрите) во врска со нивната вклученост во планирањето на развојот на училиштето. Директорите се повикуваат да доделуваат задачи кои се во релација со целите и активностите од развојниот план на училиштето и добиваат поддршка во примената на широк спектар на стратегии со цел раководење со тимската работа како инструмент за имплементација во нивните училишта.

## 5. 3. Работните групи

Училиштето треба самото да основа свои работни групи. Работната група во својата работа треба да го опфати училиштето и пошироката заедница. Во нејзиниот состав треба да има претставници од Училишниот одбор, од вработените во училиштето, од локалните заедници и тогаш кога е соодветно, од учениците (едно момче и едно девојче). Составот на работната група треба да води сметка за половата и етничката застапеност во училиштето. Колку работната група води сметка за сите овие фактори, ќе биде токму еден од критериумите за нејзиното одобрување. Освен основањето на работната група, може да се основаат и други групи кои ќе работат на самоевалуацијата и планирањето на развојот на училиштата, особено за прашања кои бараат поголемо внимание како што е проценка на потребите од професионален развој на вработените или консултации со учениците и родителите.

## 6. Обука и надворешна поддршка од тимот за регионална поддршка

- Училиштата можат да добиваат курсеви за обука и училишна соработка.
- Тимот за регионална поддршка обезбедува помош, обука и мислење во врска со нацрт верзиите на самоевалуацијата, развојниот план за училиштето и планирањето на подобрување на училиштето. Тимот обезбедува подготвителни сесии за обука и поддршка на училиштата (или групи на училишта) согласно индивидуалните училишни потреби и времето кое го има на располагање регионалниот училишен соработник.
- Тимот за регионална соработка собира податоци од сите училишта за нивните планови, намери и подготовки за да добие слика за потребите и да испланира какви стратегии за поддршка ќе употреби.
- Тимот за регионална соработка советува кога самоевалуацијата т.е. планот за развој на училиштето се подготвени за да бидат доставени до Регионалниот одбор за евалуација. Доколку Регионалниот одбор за евалуација не ги одобри самоевалуацијата т.е. планот за развој на

училиштето тогаш тимот за регионална соработка е информиран за ова и дава соодветен приоритет во работата со училиштето за подобрување на недостатоците. Се добива писмен одговор од Регионалниот одбор за евалуација за тоа кои се недостатоците и кој ќе помогне во идното планирање. Доколку Регионалниот одбор ја одобри самоевалуацијата т.е. планот за развој на училиштето, тимот за соработка (поддршка) помага во изготвување на планирањето за подобрување на училиштето со посебен осврт на негово поврзување со планот за развој на училиштето и (во соработка со обуките од Единицата за координација на проектот) потврдува дека деталите во врска со набавките и управувањето со финансиите се сосема јасни.

Самоит проект кој го споменува авторот заслужува за едно такво внимание бидејки се тргна токму од тука. Проектот доби и во големина бидејќи за училиштата стана отскочна даска за самооценување и вреднување на расположивите ресурси. Со самиот проект се тргна по една нагорна линија која пак за многумина во почетокот не значеше ништо но сепак им беше поттик во понатамошната работа во воспитно-образовниот процес. Се доби грантот и со него се подобри инфраструктурата на училиштето. Се добија нови нагледни и наставни средства кои беа застарени или неупотребливи. Се даде можност за обуки за наставниците во училиштето и надвор од него кои пак претставуваат голема придобивка за наставниците. Се отвори можност за аплицирање и барање донатори по разни проекти. Во почетокот постоеше недоверба и демотивација која подоцна се измени благодарение на авторот и неговите заложби за поуспешна работа.

Самоевалуацијата како процес за многу човечки ресурси стана потреба. Се остваруваа потребите на секое поле независно дали е во образованието, културата или невладиниот сектор. Може слободно да споменам дека во невладините организации и здруженија на мое укажување се изработи исто така самоевалуација но по сосема нови категории. Се доби слика за самата организација, нејзините слаби и јаки страни, можности и закани. Се пристапи кон целосна имплементација и се доби нова слика поинаква за себе, отсликана во потполност со барање за нејзина промена.

# II ДЕЛ

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Основни поими на истражување**

**-Образование**

Образованието е глобална категорија и педагошки процес кој се состои од усвојување на нови научни знаења од целиот свет. Благодарение на секојдневните училишни сознанија се развива интелектот, се развиваат способностите за вреднување и познавањето на различните вредности кај луѓето. Се запознаваат високо моралните вредности се оспособува индивидуата постепено преку сите нивоа на образование да стане независна единка.

Образованието е фундаментално човеково право. Го разбива затворениот круг на сиромаштијата е значаен елемент на економскиот и социјалниот развој.

**- Основно образование**

Во основното образование се остваруваат содржините според наставен план и програма за основно образование. Основното образование е задолжително за сите ученици. Во моментов постои осум годишно и девет годишно основно образование. Основното образование е отворено и овозможува пристап за сите деца без оглед на јазикот, полот, религијата,физичката и менталната попреченост. Тоа мора да обезбеди дополнителна помош за сите ученици. Основното образование го подготвува ученикот за партиципирање во понатамошното образование. Тоа овозможува клучни компетенции на секој ученик и го почитува интелектуалниот развој на ученикот во целокупноит воспитно-образовен процес.

**- Самоевалуација**

Самоевалуацијата[6] е значаен документ за секое училиште во согласност со законот за основното образование и се изготвува на секои две години. Самоевалуацијата има исклучиво развојна функција. Праксата на можностите на самоевалуацијата треба да се воспостави така да не се сведе на критички игри на утврдување на прописи и субјективни и објективни слабости во воспитно-образовниот процес. Таа истовремено е добар инструмент за јакнење на училиштето за поттикнување на напредок и добро планирање како и подобрување на ниво на паралелка, одделение и училште. Училиштето само си го прати својот напредок и за тоа пак ги известува родителите и локалната заедница.

[6] Национална програма за развој на образованието во Р.М 2005 – 2015

## 1. Самоевалуација

Самоевалуација на училиштетето е транспарентен процес на рефлектирање на сопствената пракса која има за цел унапредување на образовниот процес, но и провлекување на професионалното и организационо учење (Mac Beath, 2005: 95–96).

Самоевалуација на училиштето е процес на составно и трајно следење, анализирање и преиспитување на сопствената пракса со цел да се унапреди училиштето.

Самоевалуацијата во училиштата ја спроведуваат самите учесници на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи ги учениците, родителите и сите просветни и непросветни работници, значи токму оние кои се воедно и најмногу заинтересирани за унапредување на работата на своите училишта. Самоевалуацијата отвора можности да целата училишна заедница активно да размислува и расправа за работата на училиштето, па така гради визија и план за својот развој. Иако во добрите и ангажираните училишта постојано се расправа за сопствената работа и се грижи за резултатите од таа работа, училишната самоевлуација ги формализира процесите, ги структуира и ги прави достапни за сите.

Додека надворешното проценување се организира надвор од училиштето од страна на надлежните служби или установи (во светот тоа се најчесто инспекциски надзори, надворешни испити и други облици на надворешни видувања) па се јавува како екстерни контроли и донекаде загрозувачки механизам, самоевалуацијата е интерна и под контрола на училишниот колектив.

Регулирано е во училиштето и претставува унапредување на квалитетите „одвнатре" и „оддолу". Основано е на взаемна доверба, верување и сопствените можности и визии на сопствениот развој, на спремност на работниците на самоанализа без надворешни притисоци.

Самоевалуација од причина на автономија всушност е, слобода и завземање за сопствен развој посебно важен аспект на проценка. Со време со самоанализирање можат да се остварат важни увиди, да се разјаснат нејаснотиите, пронаоѓање начини за унапредување на секојдневната пракса. Иако самиот процес може да биде интересен, а понекогаш и драматичен. Се се случува во колективот, без надворешни притисоци и без надворешни контроли и стресови.

Основни функции на самоевалуацијата на училиштата се зголемување на одговорноста за работата на училиштата и создавање подлога за добро стратешко планирање и развој на училиштата.

„Училиштето кое добро се разбира и познава себе си на добар пат е да го реши било кој проблем пред кој ќе се најде. Самоевалуацијата го дава клучот за унапредување на училиштето" (Ofsted, 1999: 113).

Основен смисол за воведување на самоевалуацијата во училишниот состав е овозможување на училиштата да по пат на реалистички и методолошки јасно дефинирани самоанализи на сопствената работа подобро да ги препознаат своите развојни потреби и да преземаат мерки за унапредување на сопствената пракса за подобри и поквалитетни остварувања на саканите воспитно образовни цели.

Во склоп на концептуално поставување на нашиот состав тргнавме од следните појдовни начела, односно сфаќања за карактерот на училиштата:

1. Секое училиште е „организам" за себе, не постојат две идентични училишта;
2. Секое училиште има капацитети за промена и развој;
3. Секое училиште може да биде подобро.

Во процесот на самоевалуацијата и стратешкото планирање во нашиот проект училиштата себе си си ги поставуваат следните основни прашања и настојуваат да дадат соодветни одговори:

- Какво училиште сме ние? Колку сме добри?
- Кои ни се приоритетите во развојот?
- Што можеме да направиме за да бидеме подобри? Како да се планира развојот?
- Како да се остварат плановите и саканите цели?

Во склоп на проектот применети се основни постапки на развојните планирања кои имаа за цел создавање на реални основи за остварување на потребните промени.

### 1. 1. Самоевалуација во европски контекст

Со надворешно проценување на училиштата кое го вршат надзорни тела и специјализирани установи надвор од училиштата, самоевалуацијата станала еден од основните механизми за следење и унапредување на квалитетот во образованието во европските училишта. Пошироко почна да се спроведува откако Европската комисија во 1997 година го покрена пилот-проектот во 101 средно училиште од 18 земји кои во тоа време учествувале во Сократес програмата (Quality Evaluation in School Education-European Pilot Project, 1998). Проектот ги имаше следните цели:

1. Да се спознае важноста на процената во средното образование во Европа,
2. Да се зацврстат веќе постоечките национални постапки,
3. Да се додаде европска димензија на проценката на квалитетот во образованието.
4. Да се овозможи вредна размена на искуства.

Во конечниот извештај за проектот водителите на проектот истакнуваат:

> „Во многу земји се води политичка расправа околу рамнотежата на надворешните проценки на насоченото подигнување на одговорноста на училиштата и внатрешната самоевалуација која е усмерена кон

развојот на училиштата. Во широк распон на различните стратегии кои во разни земји се фокусираат околу прашањата на квалитетот на училишното образование, европскиот проект послужил како инспирација и форум за размена на информации и искуства. Проектот го зацврсти статусот за проценка на образованието во поедини држави, даде мотив на националните проекти во тие подрачја и понуди конкретна поддршка за работа во училиштата (Mac Beath, J., Meuret, D., Schratz, M. I Jakobsen, L.B., 1999).

Врз основа на искуството на овој проект и Виенската декларација со која се собираат искуствата на проектот (Quality Evaluation in School Education European pilot project – Declaration from Vienna Conference, 1998), Европската комисија издала препораки за европска соработка во процената на квалитетот на училишното образование (European Parliament & the Council, 2001).

Во препораките за проценката на квалитетот на училишното образование Европскиот парламент и Советот на Европа препорачуваат унапредувањето на квалитетот на училишното образование да се спроведува на следните начини:

1. Со поддршка на развојот и, каде е потребно, со механизмот на транспарентниот состав за проценка на квалитетот со следните цели:
   - да се осигура квалитетно образование со повлекување на социјално вклучување и еднакви можности за девојчињата и момчињата
   - да се постави квалитет на училишното образование како основа за доживотно учење
   - да се поттикне самоевалуација на училиштата како метод за создавање „ училишта кои учат и кои се стремат кон траен развој " во внатрешна рамка на училишната самоевалуација и различните облици на надворешната проценка
   - да се користат техники кои помагаат на унапредување на квалитетот како средства за поуспешно прилагодување кон светските потреби во процесот на рапидни и трајни промени

- да се објаснат намената и потребата за самоевалуација на училиштата и со тоа да се осигура дека пристапот на самоевалуацијата е во согласнот со останатата регулатива
- да се развива надворешната проценка со цел да се осигураат методолошки поткрепи на училишната самоевалуација и да се осигура надворешното гледање на училиштата кое го охрабрува процесот на континуран развој, а не да се ограничи само на административни проверки;

2. Да се охрабри и поддржи вклучувањето на училишните работници – учители, раководители, родители и стручњаци, во процесот на надворешна и внатрешна проценка со цел да се помести поделена одговорност за напредување на училиштата;
3. Да се поддржува усовршување во развојот и користење на инструменти за самоевалуација со следните цели:
   - да се постигне самоевалуацијата да делува како инструмент за зајакнување на училишните развојни капацитети,
   - да се осигура поквалитетна дисеминација со примери на добра пракса и нови инструменти за самоевалуација;
4. Да се поддржи капацитетот на училиштата да учат едни од други за следните цели:
   - да се препознае и разменуваа добра пракса и поквалитетни алатки како што се индикатори и мерила во подрачјето на проценка на квалитетот на училишното образование,
   - да се обединат училиштата во една мрежа како би можеле взаемно да се поддржуват и да се мотивираат за евалуацискиот процес.

Овие препораки силно влијаеле на развојот на процесот на самоевалуацијата за проценка на образованието во Европа. За тоа придонесе уште еден важен документ кој се однесува на квалитетот на училишното образование во Европа: *Европски извештај за квалитетот на училишното образование – 16 индикатори на квалитетот* (European Commission, Directorate-General for Education and Culture, 2001). Како еден од индикаторите документот истакнува дека сите образовни институции мораат

да имаат самоевалуација која води кон подобрување на квалитетот во образованието.

Самоевалуацијата е потребна за да се следи и знае како и колку образовниот систем ги остварува своите цели. Таа пружа дијагностички и формативни информации на креаторите на образовната политика, основачите на училиштата, родителите, наставниците и пошироката јавност. Проценката отвара потребна расправа и пружа емпириски основи за развојно планирање и унапредување на училиштата. Остварените резултати и споредните мерки им овозможуваат на училиштата да видат какви се во однос на другите училишта. Објективниот увид овозможува фокусирање на процеси кои можат да осигураат поуспешно остварување на саканите резултати. Секако, самоевалуацијата може да биде надворешна, внатрешна или комбинација од едната и другата. Во идеален случај овие два пристапа би требало да бидат комплементарни.[7]

Самоевалуацијата во меѓувреме стана широко прифатена и како важна компонента на образовната политика редовно се користи во развиените образовни системи во Европа (Meuret, D. & Morlaix, S, 2003) и во светот, со цел да се подигне стандардот и остварување на поквалитетни резултати во образованието (Leung, 2005; Mac Beath J., 2006.

### 1. 2. Самоевалуација на училиштата во Хрватска

Новиот пристап на самоевалуацијата во образованието во Хрватска е разработен во склоп на проектот „Воведување на државна матура во хрватски училишен состав" во Институтот за општествени истражувања во Загреб (2004-2007). Во склоп на проектот предложен е и разработен механизам на средишна национална установа за спроведување на надворешна проценка (Национален центар за надворешна проценка на образованието), развиена е методологија на спроведување на национални испити, како и методологија за самоевалуација на училиштата на основа на

[7] Прирачник Грантови за развој на училиштата (Скопје 2006)

резултатите на националните испити (Bezinovic, 2007). Новиот пристап е веќе порано презентиран и во склоп на преговорите за пристап на Република Хрватска во Европската Унија (Bezinovic, 2005).

Што се однесува на самоевалуацијата, првиот проект за самоевалуација на училиштата е спроведен во Институтот за општествени истражувања во Загреб 2003-2004 година (Bezinovic, web – Samovrednovanje skola – Pristup unapredivanju kvalitete obrazovanja, 2004; Bezinovic, 2003; Bezinovic I Ristic Dedic, 2005). Во склоп на преоктот разработен е методолошки пристап кој би одговарал на развојните потреби на хрватското образование. Методологијата е разработена на основа на анализите на различните пристапи на самоевалуацијата во светот, но најмногу била инспирирана со шкотскиот пристап *How Good is Our School* (HMIE, 2002) и во соработка со главниот автор во проектот EUA (European University Association) под називот *Quality Culture Project* (EUA, 2005).

- Човечките ресурси

Се најважниот вид на ресурси кои се вклучени во воспитно-образовниот процес но се неразделни од физичките и материјалните ресурси.

-Наставник

Главен субјект во наставата кој насочува, менува поттикнува, приспособува наставна содржина, воочува проблем, ситуации и организира активности. Кога во едно училиште наставниците имаат заедничка визија, работат во тимови, систематски ги анализират индикаторите за успех на учениците, самоиницијативно спроведуваат акциони истражуања и ги споделуваат реултатите од истите дефинитивно се работи за училиште во кое професионализмот станал норма а човечкиот фактор го достигнал својот максимум.[8]

-Ученик

Исто така главен субјект во наставата кој е подреден на наставникот и соработува во наставно-образовниот процес. Ученикот треба и мора да биде мотивиран од наставниците, искрен, совесен, одговорен и да се самопочитува и уважува себеси. Ученици со високо самопочитување се способни за решавање тешки проблеми и се високо мотивирани, приморани

[8] Национална програма за развој на образованието во Р.М 2005 – 2015

да преземаат ризик и чувствуваат поголемо задоволство од извршената работа.

-Родител

Трета страна на триаголникот наставник-ученик-родител. Родителите се важни партиципиенти во училишниот живот.

-Директор

Ги поставува целите на училиштето, ги гради односите на вработените, учениците, нивните родители и други социјални партнери. Тој треба најмногу да даде подршка во процесот на самоевалуацијата и биде реален, флексибилен, амбициоен, загрижен но и енергичен и крајно попустлив до можност за решавање на проблемите од страна на самите наставници.

Во првата фаза се изготвува самоевалуацијата на училиштата а по неа следи планот за развој на училиштето.

**1. 3. Самоевалуација на училиштето во Македонија**

Самоевалуацијата на нашето училиште ги идентификува и одредува потребите и приоритетите, кои понатаму ја даваат основата за нашиот план за развој на училиштето. Процесот на самоевалуација се состои од два последователни делови. Во првиот дел нашето училиште прави едно пошироко согледување на својата работа во седум клучни области. Во вториот дел одетално ги објаснуваме конкретните области во кои училиштето е успешно но кои може уште повеќе да се подобрат. На ист начин обрнуваме внимание на областите во кои постојат проблеми и за кои можеби е потребна нова стратегија за пристап кон нив. На крајот тие стануваат составен дел на Развојниот план на училиштето.

**1. 4. Клучни прашања на кои училиштето треба да обрне внимание за време на самоевалуацијата, се следните:**

- Како изгледа нашето училиште?
- Што е тоа што добро го работиме?
- Што мислат другите – во кои работи сме успешни?

- Како ќе знаеме дека добро работиме и дека одредени нешта е потребно да бидат подобрени?
- Што можеме да работиме на уште подобар начин?

Процесот на анализа кој се врши со земање во предвид на овие прашања посочува мошне добри докази за квалитетот на образованието кое го нудиме, особено на квалитетот на наставата и учењето. Ова ни помага да бидете поодговорни за квлаитетот на она што го нудиме како и за употребата на ресурсите. Во оваа смисла, горенаведените клучни прашања логично водат кон две дополнителни прашања: Каде сакаме да бидеме? и Како да дојдеме до таму?

## 1. 5. Рамка за самоевалуација на училиштата

Рамката за самоевалуација на училиштата претставува основен документ чија намена е да го води и насочува училиштето низ целиот процес на самоевалуација. Таа изгледа вака:

| Клучна област (на пример)<br>*Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*<br>*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*<br>*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*<br>*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.* |
|---|

| | |
|---|---|
| Оддели во рамките на подрачјето: | |
| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>Обработка на документи | |
| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Кои информации се собрани? |
| Наведете кои методи беа користени за прибирање | Кои информации се добиени ? |
| Јаки страни | |
| Слаби страни | |
| Анализа на согледувањето | |
| Приоритетни области | |

**1. 6. Кој пристап да се користи во евалуацијата**

- Рамката за самоевалуација на училиштата е мошне широка. Се води сметка за фактот дека за одредени области и прашања кои се однесуваат на нашето училиште, содржани во неа, не бил даван приоритет во минатото. Сепак, сите тие произлегуваат од планот за модернизација донесен од Владата и од меѓународните пристапи за подобрување на училиштето.

- Процесот на самоевалуација ги цени искреноста и заложбите за истражување на постигнувањата и проблемите со кои се соочуваме и за дефинирање на предизвиците за во иднина. За да го оствариме ова, потребно е да дефинираме какви докази треба да се користат при анализирањето на прашањата, доволно длабоко за да може да планираме како ќе се поставиме кон нив во иднина.
- За повеќе прашањае треба да бараме мислење од други лица и групи со цел истите да ги рефлектираат мислењата на целото училиште и на другите главни чинители. Потребно да прибираме информации од сите главни чинители и да го признаеме фактот дека дури и самиот процес на собирање на податоци може да покрене прашања кои ги менуваат идеите.
- Секогаш користење инклузивна терминологија. На пример, „ученик"[9] претставува колективен поим, но бидејќи сите ние се обидуваме да го подобриме квалитетот на образованието, треба да гледаме на учениците како на поединци или групи од поединци, секои со свои потреби. Од тие причини поими кои најчесто ќе ги сретнеме во рамката се „момчиња и девојчиња" или „ученици со различно етничко потекло" или „ученици со специјални потреби". Овие формулации се користат за да се поттикне самоевалуацијата да размисли за тоа дали овие разлики треба да бидат дополнително анализирани и разгледувани.
- Кога се разгледуваат прашањата не треба да генерализираме пребрзо. Треба да размислиме како различните ситуации на девојчиња, момчиња, ученици со различно етничко потекло и ученици со посебни потреби се рефлектираат во вашите одговори. На пример, кога го разгледуваме задржувањето, да видиме дали за момчињата и девојчиња е еднакво веројатно дека ќе го напуштат предвреме училиштето и треба да ги разгледаме различните причини зошто момчињата и девојчињата се осипуваат од училиштето. На сличен начин треба да видиме кои етнички групи или оние со посебни потреби, доколку ги има, се повеќе подложни на осипување и зошто тие групи се позагрозени од другите.

[9] Bezinovic, P. 2006. Samovrednovanje u funkcii unapredjivanje kvaliteta skola. Hrvatska.

## 2. Категории во рамката

Рамката содржи прашања за нашето училиште во рамки на седум категории, и секоја главна категорија е поделена во повеќе под-категории т.е. теми:

- Курикулум
- Постигнувања на учениците
- Настава и учење
- Поддршка за учениците
- Етос (училишна клима)
- Ресурски
- (Рако)водство[10]

Прашањата во рамката се изготвувани врз основа на меѓународните искуства на самоевалуација на училиштата, прилагодени за македонски контекст. Следењето на овие прашања ни помога во тоа да изготвиме една сеопфатна и аналитичка евалуација. Преку неа нашето училиште ќе добие еден поширок увид во своето работење во сите клучни области. Евалуацијата мора да одговори на секоја од седумте категории и нивните главни теми. Некои од прашањата можеби не се применливи за нашето училиште, некои повеќе одговараат за основни отколку за средни училишта. Исто така ќе видиме дека има работи кои не се опфатени со прашањата а сепак се важни за нашето училиште. Како и да е нашата работна група има слобода да ги менува постоечките или да додава нови прашања.

### 2. 1. Користење на рамката

Нашето училиште треба да даде одговор на рамката во два дела:

#### 2. 1. 1. Прв дел. Прибирање на податоци и одговарање на прашањата

- Најголем дел од прашањата може да се одговорат со веќе постоечките податоци (на пример степенот на присуство и резултатите од тестови);

[10] (Проект за модернизација на образование.2005:21)

другi бараат постојните податоци да ги прикажеме на поинаков начин (на пример приказ според полова и етничка припадност или промените од година во година.

- Прашањата се квантитативни и квалитативни и од нас бараат да прибираме докази преку набљудување, прашалници или разговори (интервјуа). За таа цел треба да изготвиме алатки со кои се доаѓа до валидни, веродостојни, точни и објективни резултати. Обуката за самоеваулација на училиштата содржи и вежба во изготвувањето на соодветни алатки за прибирање и анализа на податоците.
- Различните групи на главни чинители во рамките на училиштето се: ученици, наставници и други вработени, родители и претставници на заедницата – сите овие треба да бидат вклучени во одговарањето на прашањата. Многу е важно овие консултации да ги опфатат сите чинители во училишната заедница затоа што се тие тесно инволвирани во процесот на образование и нивните идеи и ставови треба да се земат во предвид.
- Еваулација ќе треба да се повтори уште еднаш за да се оцени напредокот кој бил остварен преку споредување со резултатите од правата евалуација. Во тој смисол е важно методите кои се користат да може да се повторуваат на сигурен начин.

## 2. 1. 2. Втор дел. Анализирање на податоците

- Откако податоците се прибрани, треба да се направи внимателна анализа за истите за да се согледаат јаките страни и слабостите на училиштето. Се добиваат докази за добар квалитет во многу клучни области и нашите анализи треба да одговарат на тоа како овој квалитет да се одржи или уште повеќе да се подобри.
- Податоците исто така посочуваат и во кои области работата не е задоволителна. За овие треба да изготвиме стратегија за нивно подобрување.
- Крајниот дел од нашата анализа бара да дефинираме не повеќе од три области за подобрување, во секоја од клучните области. Ова пак

претставува почетна точка во идентификувањето на приоритетите во Планирањето на развојот на училиштето.

## 2. 2. Формат за резиме на самоевалуацијата на училиштето

Нашата самоевалуација треба да се спроведе во согласност со насоките и рамката за самоевалуација и мора да биде дадена согласно форматот даден во овој дел. Треба да се внимава на и деталите кои се дадени за време на сесиите за обуки на училиштата. Оценувањето (вреднувањето) на училиштето во однос на седумте области од рамката логично води кон идентификување на приоритетните области во кои е потребно подобрување со цел зголемување на ефективноста на училиштето. Се прави збирен приказ (резиме) на самоевалуацијата на нашето училиште за секоја од седумте области од рамката.

**Резимето за секоја област ќе ги даде.**

- Прашањата кои биле разгледувани
- Прибраните податоци и користените методи, како и тој кој учествувал во процесот
- Приказ на согледувањата (резултатите) и нивните јаки страни и слабости
- Анализа на резултатите
- Приоритетни области кои треба да бидат опфатени во планирањето на развојот на училиштето.
- Во недостиг на информации од овој вид на истражување ќе бидат истакнати наоди во кои земал учество самиот автор, и следуваат релевантни истражувања во врска со изучуваниот проблем.

**3. Релевантни истражувања во врска со изучуваниот проблем-Самоевалуација на училиштето: ООУ „Даме Груев", с. Ерџелија**

Подрачје - Наставни планови и програми

| |
|---|
| *Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*<br>*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*<br>*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*<br>*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.* |
| Оддели во рамките на подрачјето:<br><br>1.1 Организација на наставните планови<br>1.2 Квалитет на наставните планови<br>1.3 Воннаставни активности |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Наставни планови и програми

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). Обработка на документи | |
|---|---|
| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Кои информации се собрани? |
| Годишни применувани наставни планови донесени од МОН<br>Стручни упатства и насоки<br>Операционализација на НПП<br>Нормативни акти на училиштето<br>Тематски распределенија<br>Дневна подготовка на наставникот<br>Одделенски дневник | Во нашето училиште се применуваат наставни планови и програми кои се во согласност со донесените програмски документи од Министерство за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.<br>Во нашето училиште се изведува комбинирана настава во одделенска настава во подрачните училишта во село Мустафино, с.Кадрифаково, с.Пеширово и с.Амзабегово. Наставните планови и програми не се прилагодени за комбинирана настава и наставниците наидуваат на потешкотии при реализација на воспитно-образовен процес. |
| Годишни применувани наставни планови<br>Тематски распределенија<br>Дневна подготовка на наставникот<br>Одделенски дневник | Училиштето има воспоставено механизми и процедури како да се користат повеќе различни начини како да се дојде до информација до наставниците, членовите на Родителскиот Совет, родителите, како и сите други што бараат информации околу целите и задачите на наставните планови и програми што се реализираат. Наставниците со самиот почеток на учебната година |

| | |
|---|---|
| Записници од Родителски совет<br>Записници од родителски средби | ги информираат родителите и учениците со наставните содржини.<br>Училиштето преку формалните органи-Совет на родители, Училишен Одбор и Стручни активи планира и спроведува активности за прибирање и разгледување мислења за НПП и покренува иницијативи за измена на пониско ниво. Нашето училиште до сега нема покренато иницијатива до МОН и БРО на РМ. |
| Годишна програма<br>Записник од Наставнички Совет | Училиштето има понудено 7 предмети како изборни во шесто одделение од кои учениците избраа по еден. Како изборен предмет во 7 и 8 одделение е прифатен Техничко образование но поради недотаток на кабинет се одвива со потешкотии.Во четврто ново како изборен предмет се изучува Творештво, а во трето одделение во второто полугодие се узучува Работа со компјутери. Во петто одделение се изучува предмет Запознавање на религиите исто така како изборен предмет. |
| Тематски планирања<br>Дневна подготовка<br>Наставен план и програма<br>Ученички тетратки за одржани часови<br>Договор за соработка со НВО | Изборот на наставните предмети е во склад со НПП,и е прифатен со голема одговорност и внимание.Во училиштето преку редовни предмети се третираат човековите права, Детските права-Конвенцијата за права на децата, репродуктивно здравје кај човекот на часовите по Биологија. Во училиштето се вршат предавања од стручни лица. Имаме подршка и од невладина организација во релизирање на некои активности. Се негува волонерството како дел од проект на НВО, и се јакне самодовербата.<br>Наставниците ја користат можноста во наставата да користат и особености од локалната средина. |
| Одделенски дневник | Учениците од прво, второ и трто одделение имаат посебна програма за одделенска заедница и преку неа |

| | |
|---|---|
| Распределенија по животни вештини - одделенска заедница | се развиваат смаодовербата,одговорноста,почитување на разликите, правилно разрешување на конфликтни ситуации, јакне свеста за припадност како личност во ова опшество. Исто така и четврто ново, петто и шесто оделение имаат посебни програми за животни вештини. |
| Годишна програма на училиштето Програма за дополнителна настава Програма за слободни ученички активности Педагошка евиденција и документација Призананија и дипломи Медиумско покривање на активностите- локална телевизија Записници од стручни активи | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразува потребите и интересите на учениците и служат за подршка на нивниот личен и социјален развој. Најголем број од учениците се вклучени во една па и повеке активности без разлика на пол и социјално потекло како и верска исповед. Учениците со помош и подршка на наставниците учествуваат во повеќе манифестации на училишно и локално ниво. Учениците приредија повеке приредби-по повод почеток на учебна година, Детската недела, 11Октомври, 23 Декември-патронат на училиштето, Нова година и др. Дека навистина се негуваат слободните активности сведочат и присуствата со постигањата во противпожарен квиз, по повод Месецот на книгата во соработка со градската библиотека во Св.Николе. Постојат училишни весници преку кои се врши афирмирање на постигнатите резултати. Како повртна информација од медиумите дознаваме за збиднувања во градот и така се вклучуваме во процесите на актуелните активности. Со нашите потеби и преоритети ја информираме и јавноста прку локалната телевизија. Мислиме дека така ке се развијат односи и со бизнис секторот. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Наставни планови и програми

| Собирање на податоци кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации | Кои информации се собрани? |
| Анкета со 10 ученици-8одд<br>Анкета со 10 наставници<br>Аккета со родители<br>Ученици | | Анкетираните ученице се изјасниле дека даваат сгугестии на часот а анкетираните наставници дека прифаќаат понекогаш сугестии од учениците и дека се согласуваат да одржат час наместо наставниците. 60% од анкетираните ученици се изјасниле дека НПП го потпомага личниот развој и им помага да се јакне самодовербата. [11] |
| Анкета со родители | | Од анкетираните родители се констатира дека за наставните планови и програми се запознаваат од учениците, лично од класните раководители како и од самите учебници кои ги поседуваат учениците со наставните содржини. |
| Интервју со директорот | | Од спроведеното интервју со директорот може да се констатира дека родителите преку состаноци вршат избор на изборните предмети преку разни анкети.<br>Исто така што се однесува до подршката што ја дава училиштето околу подготовката |

[11] Индикатори за квалитет на успехот од ДПИ

| | | |
|---|---|---|
| | | на наставната програма за соодветно одделение е во одреден процент бидејки не е во можност финансиски да ги покрие нивните барања во целост.<br>Училиштето користи разни форми на соработка со локалната средина но не во задоволителна мера но во подобрена атмосфера од минатите години. Подобрена е комуникацијата со градот и се прават напори за поблиско поврзување. |
| Анкета со 10 ученици-8одд | | Од анкетираните ученици 60% се изјасниле дека се вклучени во воннаставни активности. Исто така се изјаснија дека нема пречки од друга природа да не бидат вклучени во воннаставните активности т.е. наставниците не го вршат изборот по пол или социјален статус. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Наставни планови и програми

| |
|---|
| Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости |

| | | |
|---|---|---|
| Интервју со 5 наставника | | Во нашето училиште не се регистрирани ученици од друга вероисповед освен 1 ученик но тој ученик е вклучен во се и е прогласен за најдобар во училиштето и е добитник на парична награда. Изборот е по предлог на Наставнички совет до локалната самоуправа по повод 8-СЕПТЕМВРИ ослободување на Свети Николе.<br>Ова е само еден доказ дека наставниците не вршат деградација на учениците по разни основи.<br>Сите ученици се вклучени според нивните можности па и понекогаш и желби. |
| Клучни јаки страни<br>Успешна двонасочна комуникација на релација наставник-ученик<br>Успешно негување и реалирање на воннаставни содржини<br>Училиштето го помага личниот развој на учениците | | |
| Слабости<br>Немање кабинети за реализација на наставата<br>Недоволна информација за наставниот план и програма поради недоволна мотивираност<br>Недоволна примена на информатичка технологија како и недоволна едуцираност на наставниците<br>Недоволна мотивираност на родителите<br>Необученост на наставниците за комбинирана настава | | |

Самоевалуација на училиштата: Подрачје - Наставни планови и програми

Анализа на резултатите:

*Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*

Во нашето училиште се применуваат наставни планови и програми[12] кои се во согласност со донесените програмски документи од Министерство за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Училиштето има воспоставено механизми и процедури како да се користат повеќе различни начини како да се дојде до информација до наставниците, членовите на Родителскиот Совет, родителите, како и сите други што бараат информации околу целите и задачите на наставните планови и програми што се реализираат. Изборот на наставните предмети е во согласност со НПП, и е прифатен со голема одговорност и внимание. Учениците од прво, второ и трето одделение имаат посебна програма за одделенска заедница и преку неа се развиваат самодовербата, одговорноста, почитување на разликите, правилно разрешување на конфликтни ситуации, јакне свеста за припадност како личност во ова општество. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразува потребите и интересите на учениците и служат за подршка на нивниот личен и социјален развој. Најголем број од учениците се вклучени во една па и повеке активности без разлика на пол и социјално потекло како и верска исповед.

Учениците немаат пречки од друга природа да не бидат вклучени во воннаставните активности т.е. наставниците не го вршат изборот по пол или социјален статус.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Едукација на наставниците за користење на комјутерите за учениците и наставниците во наставниот процес

-Реализирање на кабинетска настава

[12] Наставен план и програма на основните училишта.2006

| |
|---|
| -Обуки за комбинирана настава |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Постигнувања на учениците

| |
|---|
| *Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*<br>*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*<br>*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*<br>*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.* |
| Оддели во рамките на подрачјето:<br><br>2.1 Постигања на учениците<br><br>2.2 Задружување/осипување кај учениците<br><br>2.3 Повторувања на учениците |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Постигнувања на учениците

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). Обработка на документи | |
|---|---|
| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Кои информации се собрани? |
| Училишна програма Самоевалуација – претходна Извештаи од активи Одделенски дневник | Училиштето располага со податоци по пол и по сите предмети и за сите квалификациони периоди. Училиштето промовира уверување дека постигањата кај учениците може да се подобрат. Училиштето планира и превзема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците. Училиштето реализира дополнителна, додатна и по потреба продолжителна настава на крајот на учебната година.Најголем број наставници им обезбедуваат подршка во редовната настава на учениците кои имаат потешкотии во учењето избирајќи активности соодветни на нивните можности. Постигањата кај учениците може да се подобрат и со тимска работа и поголемо залагање од страна на наставниците. Годишната програма се изготвува врз база на претходна самоевалуација. |
| Годишна програма Извештај од стручна служба Годишен извештај | Педагошката служба редовно врши увиди во воспитно-образовниот процес.<br>Постигањата кај учениците се поробри по Физичко и ликовно образование. Насјлаб успех има по предметот хемија 1.75. Постигањата би се подобриле ако има кабинети како и спортска сала.Така би можел да се промовира и спортот во интеграција со другите спортски клубови од разни училишта па и пошироко од Републиката. Постигањата кај учениците се следниве<br>Во нашето училиште има 221 ученик од кои 106 женски а 115 |

| | |
|---|---|
| 2008/2009 Полугодишен извештај | машки<br>Прво одделение 15 ученика - 6 женски 9 машки 28-описно оценети<br>Второ одделение - 7 ученика 3 женски 4 машки- 23 описно оценети<br>Трето одделение - 9 ученика 4 женски 5 машки 17 - описнооценети –68 вкупно<br>Четврто ново - 25 ученика 10 женски 15машки с.у.3.69<br>Четврто старо - 35 ученика 23 женски 8 машки с.у.3.71[13]<br>------------------------------------------------------------------------<br>Петто одделение - 30 ученика 19 женски<br>Одлични-5 Многу добри-8 Добри -3 Доволни -/ со1слаба-3 со 2-3-слаби 8<br>Шесто одделение 30 ученика 12 женски<br>Одлични - 4 Многу добри- 3 Добри-4 Доволни -5 со1слаба-4 со 2-3-слаби 7<br>Седмо одделение - 20 ученика 10 женски<br>Одлични - 1 Многу добри-3 Добри -2 Доволни -/ со1слаба-/ со 2-3-слаби 9<br>Осмо одделение13 ученика 15 женски<br>Одлични-2 Многу добри-5 Добри -2 Доволни -/ со1слаба-/ со 2-3-слаби 3<br>Среден успех на училиштето е 3,08.<br>Најдобар успех има четврто ново-3,71<br>Најслаб успех има седмо-1,85 споредено со минатата година2.83<br>Треба да се поработи на полето на подобрување на успехот и детално се испитаат причините за вака слабиот успех. |
| Педагошка служба | Во нашето училшште поголем број го завршуваат образованието. Ако има исклучоци каде учениците се спречени тоа е како резултат на неинформираноста на родителите или |

[13] (Прирачник за самоевалуација, И.М.Пакт,2002:24)

| | |
|---|---|
| Одделенски дневник Годишен извештај2007/08 и2008/09 Полугодишен извештај 2009/2010 | домашни проблеми.Во нашето училиште има осипување на учениците при што некои одат во друго училиште во градот заради економски причини, а некои самоволно го напуштаат училиштето. Училиштето го следи осипувањето на учениците, ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа и родителите навремено превзема активности за да се намали осипувањето. Во оваа учебна година е подобрено поведението кај учениците и редовноста. Во учебна година има 2911 оправдани (во просек по ученик-16)и 804 Неоправдани(во просек по 3) или вкупно 3715 изостаноци. Во споредба со учебната година 2008/09 кога има 6256 оправдани и 2182 неоправдани(вкупно 8348) и учебната 2007/08 има 5974 Оправдани и 2456 Неоправдани или вкупно 8430 се забележува некаква рамнотежа на изостаноци.Се бараат причините за неоправданите изостаноци – каснење на часови и намерно отсуство. |
| Закон за основно образование Статут на училиште | Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште. При преминот во друго училиште ги доставува значајните информации за образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошна образовна работа со ученикот. |
| Полугодишен извештај 2008/2009 Интерни училишни акти | Процентот на ученици што ја завршуваат годината е во постојан раст. Во училиштето постојат пропишани процедури за идентификување и анализирање на причините за повторување на учебната година. Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување. Им укажува на учениците за правото за поднесување жалба при повторување. Во моментот има 3 ученика кои го продолжиле школувањето во Св.Николе и 1 ученик во Велес по барање од родител. Исто така 4 ученика го прекинаа школувањето по сопствен избор и се пријавени кај просветниот инспектор во Св.Николе. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Постигнувања на учениците

| Собирање на податоци кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации | Кои информации се собрани? |
| Интервју со наставници | | Со интервјуто се констатира дека при интерното оценување во различните одделенија се врши споредување на постигањата преку тестирање, испрашување (писмено, усно) , чек листа, евидентен лист.<br>Кај учениците од прво до трето оценувањето е описно а додека кај останатите е бројчано. Има ученици кои го повторуваа одделението во минатата учебна година.Оценувањето кај учениците од прво до трето одд. е описно во недостаток на стандарди и критериуми за оценување. Во останатите одделенија оценувањето е бројчано со пролагодливи критериуми за оценување. |
| Интервју со педагог | | Наставниците им даваат подршка на учениците кои наидуваат на потешкотии во учењето, со нив се реализираат часови за дополнителна настава, понекогаш се вршат и домашни посети и се води разговор со родителите и индивидуално со ученикот. |
| | | Учениците кои потекнуваат од семејства со |

| | | |
|---|---|---|
| Интервју со педагог | | многу низок личен материјален статус и дисфункционални семејства се поподложни на осипување. Училиштето презема мерки но не наидува секогаш на очекуваните резултати. |
| Анкета со родители | | Од спроведената анкета со родителите 100% се изјасниле дека социјалниот статус влијае врз успехот на учениците како и на оспипувањето. Родителите се задоволни од постигнатите резултати кај учениците и од начинот на работа на наставниците. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Постигнувања на учениците

| |
|---|
| Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости |
| Клучни јаки страни<br><br>-Постигањата кај учениците се следат континуирано<br><br>-Безрезервна подршка од страна на наставниците<br><br>-Наставниците помагаат со соодветни активности во склад со можностите на учениците<br><br>-Голем број од учениците го завршуваат одделението |
| Слабости<br><br>-Недоволна мотивација на учениците кои потекнуваат од сиромашно семејство<br><br>-Недоволна примена на информатичката технологија поради недостаток на компјутери и неедуцираност на наставниците<br><br>-Немањето сала за спортски активности<br><br>-Немање кабинети за реализирање на настава<br><br>-Тимска работа<br><br>-Недоволна едуцираност за стандардите за оценување |

Самоевалуација на училиштата: Подрачје - Постигнувања на учениците

Анализа на резултатите:

*Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*

Училиштето располага со податоци по пол и по сите предмети и за сите квалификациони периоди. Училиштето промовира уверување дека постигањата кај учениците може да се подобрат.

Училиштето планира и превзема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците. Училиштето реализира дополнителна, додатна и по потреба продолжителна настава на крајот на учебната година.

Педагошката служба редовно врши увиди во воспитно-образовниот процес. Во оваа учебна година е подобрено поведението кај учениците и редовноста. Во учебна година има 2911 оправдани (во просек по ученик-16)и 804 Неоправдани(во просек по 3) или вкупно 3715 изостаноци. Во споредба со учебната година 2008/09 кога има 6256 оправдани и 2182 неоправдани (вкупно 8348) и учебната 2007/08 има 5974 Оправдани и 2456 Неоправдани или вкупно 8430 се забележува некаква рамнотежа на изостаноци. Се бараат причините за неоправданите изостаноци – каснење на часови и намерно отсуство.

Во нашето училшште поголем број го завршуваат образованието. Ако или има исклучоци каде учениците се спречени како резултат на неинформираноста на родителите или домашни проблеми. Во нашето училиште има осипување на учениците при што некои одат во другу во градот заради економски причини, а некои самоволно го напуштаат училиштето.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување. Им укажува на учениците за правото за поднесување жалба при повторување.

| |
|---|
| Наставниците користат различни видови оценување. За успех на учениците влијае социјалниот статус. |
| Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето<br><br>- Едукативни работилници за родителите<br>- Зголемување на мотивираноста на учениците преку воведување на кабинетска настава<br>-Изградба на спортска сала<br>- Унапредување на оценувањето |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Учење и настава

| |
|---|
| *Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*<br>*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*<br>*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*<br>*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.* |
| Оддели во рамките на подрачјето:<br><br>3.1 Планирање на наставниците<br>3.2 Наставен процес<br>3.3 Искуства на учениците од учење<br>3.4 Задоволување на потребите на учениците<br>3.5 Оценување како дел од наставата<br>3.6 Известување за напредокот на учениците |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Учење и настава

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). Обработка на документи | |
|---|---|
| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Кои информации се собрани? |
| Дневна подготовка<br>Годишни планирања<br>Тематски планирања<br>Евидентни листови | Сите наставници имаат изготвено годишни и тематски планирања како и дневни подготовки коио ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на часот, активности, ресури, проверка на постигањата, констатација/евалуација на реализиран час се евидентирани. Планирањето на наставниците содржи јасни насоки што се очекува учениците да научат кои се очекуваните исходи од учењето како и кога. Начинот на оценувањето е јасно утврден во планирањето на наставниот кадар. Ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. |
| Записник од дневник за работа на директорот | Наставниците имаат подршка од Бирото за развој, МОН, околу разменување искуства и градење на професионализмот. |
| Годишна програма на училиштето | Наставниците имаат добро испланирани активности со учениците и соодветни методи за да работат со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка.Наставниците успешно ги |

| | |
|---|---|
| | развиваат индивидуалните вештини за секој ученик како и вештините за соработка. Наставниците се однесуваат со учениците на начен кој промовира взаемно почитување, помош соработка и разбирање. |
| Записник од наставнички совет Претходна самоевалуација | Наставниците ги задоволуваат образовните потреби кај учениците преку посета на различни семинари како преоритетни задачи на воспитно-образовниот кадар. |
| Записник од посета на час | Училиштето нема пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес. Се применува така што секој наставник се посетува на час два пати во полугодието од директорот или стручната служба. Во почетна фаза е и праксата на размена искуство преку следење на работата на колеги од стручниот актив. |
| Одделенски дневник, свидетелства и ученички книшки и ученичко досие<br><br>Паноа за изложби | Напредокот на учениците се евидентира во одделенскиот дневник, Ученичка книшка свидетелство од IV до VIII одделение и преку евидентен лист за учениците од I до III одделение. Учениците ги доживуваат училниците и другите простории како стимулирачка и мотивирачка средина која потикнува интерес за учење. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места почитувајќи естетски норми. Редовно се менуваат согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик има изложен труд. |
| Записник од родителски средби | Родителите за напредокот на учениците се информираат преку родителски средби со одделенскиот раководител. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Учење и настава

| Собирање на податоци кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации | Кои информации се собрани? |
| Интервју со 10 наставници | | Наставниците користат разновидни наставни форми и методи кои соодведствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците работат со учениците индивидуално во група или со цела паралелка. Наставниците успешно ги реализираат индивидуалните вештини за учење на секој ученик како и вештините за соработка. Наставниците ги вклучуваат и учениците во оценувањето. (Преку самооценување, мегусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.) Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. |
| Анкета со 10 ученици Осмо одделение | | На учениците им се допаѓа воспитно образовниот процес во училиштето, сакаат да биде застапен компјутерот и да се применат нови наставни форми и методи. |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета со 10 ученици Шесто одделение | | На анкетираните ученици им се допаѓа презентирањето на часовите од страна на наставниците но примената на нови наставни средства би им овозможило поголем успех во процесот на учење. |
| Анкета со 10 наставници | | Од анкетираните наставници се констатира дека чувствуваат потреба за континуирано професионално развивање и учество на разни семинари. |
| Интервју со 5 ученици | | Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиште е интересен. За време на часот наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашање и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Учениците сметаат дека понекогаш имаат можност да го искажат своето мислење.Некои наставници користат нови форми и методи по посетен семинар по преоритет. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Учење и настава

| |
|---|
| Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости |
| Клучни јаки страни<br>• Спремност и желба на наставниците за едукација преку семинари и работилници<br>• Спремност на наставникот за соработка со учениците<br>• Можноста на учениците да го искажат сопственото мислење<br>• Користење на нови форми и методи во наставата |
| Слабости<br>• Недоволна опременост на училиштето со нагледни средства<br>• Традиционална настава<br>• Недоволна застапеност на интерактивна настава<br>• Комуникација |

Самоевалуација на училиштата: Подрачје - Учење и настава

| Анализа на резултатите:<br>*Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје* |
|---|
| Сите наставници имаат изготвено годишни и тематски планирања како и дневни подготовки коио ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на часот, активности, ресури, проверка на постигањата, констатација/евалуација на реализиран час се евидентирани.<br>Наставниците имаат добро испланирани активности со учениците и соодветни методи за да работат со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка.<br>Имаат подршка од Бирото за развој, МОН околу разменување искуства и градење на професионализмот.<br>Училиштето нема пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес. Се применува така што секој наставнник се посетува на час два пати во полугодие од директорот или стручната служба.<br>Напредокот на учениците се евидентира во одделенскиот дневник, Ученичка книшка свидетелство од IV до VIII одделение и преку евидентен лист за учениците од I до III одделение.<br>Родителите за напредокот на учениците се информираат преку родителски средби со одделенскиот раководител.<br>Наставниците успешно ги реализираат индивидуалните вештини за учење на секој ученик како и вештините за соработка. Наставницте ги вклучуваат и *учениците во оценувањето( Преку самооценување, мегусебнооценување, градење критериуми,водење портфолија и сл.)<br>Од анкетираните наставници се констатира дека чувствуваат потреба за континуирано професионално развивање и учевство на разни семинари. |
| Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето<br>Набавка на нови надгледни средства<br>Воведување на кабинетска настава<br>Тимска работа |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Поддршка на учениците

| |
|---|
| *Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*<br>*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*<br>*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*<br>*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.* |
| Оддели во рамките на подрачјето:<br>4.1 Секупна грижа на учениците<br>4.2 Здравје<br>4.3 Советодавна помош на учениците<br>4.4 Следење на напредокот |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Подршка на учениците

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). Обработка на документи | |
|---|---|
| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Кои информации се собрани? |
| Годишна програма на училиште<br>Програма за работа на директорот | Училиштето има пропишани мерки и активности и води доволна грижа за здравјето на учениците, се грижи за психофизичиот развој на ученикот односно за неговото ментално и физичко здравје подеднакво за сите машки и женски ученици грижата се спроведува преку редовните часови за физичко и здравствено обреазование и преку соработка со здравствените институции преку разни форми како што се предавања, реферати директни посети и систематски прегледи за учениците од I, III, V, VII одделение. |
| Програма за работа на стручна служба | Во училиштето се води подеднаква грижа за сите ученици и не постои физичко малтретирање. Училиштето соработува со невладините организации кои помошта ја пружат преку различни работилници. Училиштето соработува со Здравноит дом од Св.Николе и во континуитет соработуваат. |
| Годишна програма<br><br>Претходна самоевалуација | Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор. Во училиштето има три влеза во случај на елементарна непогода. Опремено е со противпожарни апарати, громобран но посебен проблем е застарената електрична инсталација на вториот кат која не е заменета. Училиштето спроведува помош (облека) на учениците |

| | |
|---|---|
| | кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.Во подрачните училишта е извршено реновирање и направена помошна просторија во с.Кадрифаково. |
| Куќен ред на училиште- кодекс на однесување | Училиштето има куќен ред кои го почитуваат сите вработени. Кодексот на однесување на наставниците е од големо значење за остварување на воспитно-образовниот процес. Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците и сите инволвирани во наставниот процес. |
| Записници од надлежни органи за контола на хигиена и здравје на децата | Училиштето води грижа за исправноста на водата за пиење на секои 6 месеци се врши испитување на примерок од вода при што се констатира исправноста на водата. |
| Административно-персонален деловодник<br>Главна книга<br>Одделенски дневник | Со преминување на ученикот во друго училиште се дава исписница до училиштето во кое преминува и се чека повратна информација од училиштето во кое преминал. Наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигање, редовност, поведение на секој ученик. Наставниците изготвуваат квартални извештаи. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Подршка на учениците

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање на податоци кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)</td></tr>
<tr><td>Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци</td><td>Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Интервју со педагог</td><td></td><td>Училиштето соработува со родителите и други релеванти институции во обрзбедување грижа за децата со телесни пречки во развојот и има развиени механизми за потикнување на соучениците во пружање помош и водење грижа за овие деца. Училиштето се грижи да се откријат девијантни појави кај учениците.</td></tr>
<tr><td>Интервју со 5 наставници</td><td></td><td>Во училиштето учи еден ученик со физички хендикеп и една ученичка со посебни потреби (оштетен слух) може да се констатира дека се третираат подеднакво. Во училиштето се води кампања за здрава животна средина и користи начини да се спречи секаква аномалија. Училиштето се грижи и за безбедност во престојот на учениците.</td></tr>
<tr><td>Анкета со родители</td><td></td><td>Од спроведената анкета со родителите е искажана подршка за педагошко-психолошка служба и нејзината отвореност и компетентност во секое време. Родителите се изјасниле дека информациите за успехот,</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | поведението и редовноста ги добиваат од одделенските раководители и службата помага во подршката во превенција од насилство. |
| Интервју со директор | | Од интервјуто со директорот се констатира дека се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизми за справување со евентуална појава на различни видови насилство. |
| Интервју со педагог | | Училиштето е вклучено во различни семинари имено, еден наставник Мишева Билјана беше едуцирана во проектот Превенција од насилство во Основното образование, истата беше десеминатор и во тек е со изработка на анкетни прашалници околу тоа дали постои насилство, каде, кога и колку. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Поддршка на учениците

| |
|---|
| Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости |
| Клучни јаки страни<br>• Грижа на наставниците за здравјето<br>• Поддршка од педагошка-психолошка служба<br>• Пермаментно водење на педагошка евиденција за напредок на учениците |
| Слабости<br>• Нарушена безбедност поради дотраена и незаменета електрична инсталација<br>• Нецелосно реализирање на наставните содржини по физичко и здравствено образование поради немање на спортски објект<br>• Недоволна поддршка на националните, социјалните и физичките потреби на учениците |

Самоевалуација на училиштата: Подрачје - Подршка на учениците

| Анализа на резултатите: *Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје* |
|---|
| Училиштето има пропишани мерки и активности и води доволна грижа за здравјето на учениците, се грижи за психофизичиот развој на ученикот односно за неговото ментално и физичко здравје подеднакво за сите машки и женски ученици.Грижата се спроведува преку редовните часови за физичко и здравствено образование и преку соработка со здравствените институции преку разни форми како што се предавања, реферати, директни посети и систематски прегледи за учените од I, III, V, VII одделение.<br>Во училиштето се води подеднаква грижа за сите ученици и не постои физичко малтретирање.<br>Училишниот простор е безбеден за изведување на настава.<br>Училиштето има куќен ред кој го почитуваат сите вработени. Кодексот на однесување на наставниците е од големо значење за остварување на воспитно-образовниот процес.<br>Училиштето води грижа за исправноста на водата за пиење на секои 6 месеци се врши испитување на примерок од вода, при што се констатира исправноста на водата.<br>Училиштето соработува со родителите и други релеванти институции во обрзбедување грижа за децата со телесни пречки во развојот и има развиени механизми за потикнување на соучениците во пружање помош и водење грижа за овие деца.<br>Од спроведената анкета со родителите е искажана подршка за педагошко-психолошка служба и нејзината отвореност и компетентност во секое време.<br>Од интервјуто со директорот се констатира дека се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизми за справување со евентуална појава на различни видови насилство.<br>Мишева Билјана беше едуцирана во проектот Превенција од насилство во Основното образовани. Истата беше десеминатор и во тек е со изработка на анкетни прашалници околу тоа дали постои насилство, каде, кога и колку. |
| Идни активности: Приоритетни подрачја (оддели) - спортска сала |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - ЕТОС

| |
|---|
| *Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*<br>*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*<br>*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*<br>*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.* |
| Оддели во рамките на подрачјето:<br>5.1 Училишна клима и односи<br>5.2 Промовирања на постигањата<br>5.3 Еднаквост и правичност<br>5.4 Партнерски однос со родителите |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - ЕТОС

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). Обработка на документи | |
|---|---|
| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Кои информации се собрани? |
| Кодекс на однесување | Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во (кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите).Во негова изработка беа вклучени некои структури.Во случај на прекрашување на некои правила се постапува според Кодексот. |
| Годишна програма на училиштето | Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење на јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања во рамките на училиштето и поширoката локална средина. Наставниот кадар е мотивиран за постигања и ги пофалува на свој начин. Училиштето има развиен систем на наградувања на учениците кои постигнале успех и за наставниците што помогнале во сите области преку кои го промовирале училиштето. |
| Педагошка евиденција за воннаставни активности | Учениците учат да ја почитиваат сопствената култура и традиција, да ги почитуваат правата на децата. Учествуваат во училишниот живот како да се снаоѓаат во одредени ситуации и да го |

| | |
|---|---|
| | спознаат минатото и креираат иднината. |
| Дневник за работа на педагошка служба | Училиштето соработува со учениците и родителите и им помага во креиањето во нивните предизвици. Укажува на направени грешки, советува, мотивира и поттикнува на соработка. |
| Извештај за работа на училиштето(полугодишен и годишен)<br>Рапоред на приемни денови | Училиштето користи ефективни методи комуникација со родителите преку организирање на индивидуални родителски средби, и приемни денови, приспособувајки се на времето со кое располага родителот. Родителите се добредојдени во училиштето. Училиштето промовира волонтерско работење во и надвор од училиштето- во локалната заедница и со невладиниот сектор. Училиштето е во фаза на прифаќање волонтери од заедницата во наставните и вонаставните активности.Од нив се очекува помош и во нагледни и наставни средства. |
| Записник од Родителски совет<br>Записник од училишен Одбор | Родителите се запознаваат за постигањата на родителски средби како и Совет на родители и заеднички делуваат за некој посериозен проблем. |
| Програма на стручни активи | Активите во училиштето имаат испланирано разни манифестации по разни поводи со приредби, квизови, литературно читање и др. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - ЕТОС

| Собирање на податоци кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации | Кои информации се собрани? |
| Анкета со 10 ученика | | Од спроведената анкета со учениците се констатира дека училиштето е добро катче за престојување и има пријателски односи и взаемно почитување. Наставниците имаат доверба во учениците и еднакво ги третираат. |
| Анкета со родители | | Родителите се задоволни од училишната клима и култира и нивните деца правично и пријателски се третирани. |
| Анкета со 10 наставници | | Од анкетираните наставници може да се забележи дека има коректен однос но е потребно поголемо сплотување и тимски активности како и нивната комуникација на релација наставник-наставник .Исто така тие би биле позадоволни и ако се привлечат и некои нови нагледни и наставни средства. |
| | | Училиштето е отворена институција и |

| | | |
|---|---|---|
| Интервјусо директор | | современа банка на податоци и извори која ја продлабочува комуникацијата на полето со родителите, локалната заедница и други инволвирани во тој круг. |
| Интервју со педагог | | Училиштето им помага на сите субјекти подеднакво кои се вклучени во триаголникот на воспитно-образовен процес. Ако дојде до некои несогласувања се реагира навремено и укажува со другарски однос и се прифаќаат нечии сугестии. Нашето училиште соработува со другите училишта од градот Свети Николе и взаемно се почитуваат со свое присуство на пружена покана. Локалната власт како основач има продлабочена комуникација и се стреми кон помош и доверба. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - ЕТОС

| |
|---|
| Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости |
| Клучни јаки страни<br>Взаемно почитување и комуникација<br>Локалната средина е важен фактор во опкружувањето на училиштето<br>Вклученост на родителите и претставници на локалната власт во структура на училиштето |
| Слабости<br>Недоволна афирмација на постигањата<br>Слабата комуникација со други училишта заради градење на свој имиџ<br>Користење на традиционална комунукација-немање услови-интернет |

Самоевалуација на училиштата: Подрачје - ЕТОС

| Анализа на резултатите:<br>*Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје* |
|---|
| Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во (кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите. Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење на јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања во рамките на училиштето и пошироката локална средина.<br>Учениците учат да ја почитиваат сопствената култура и традиција,да ги почитуваат правата на децата. Учествуваат во живот, како да се снаоѓаат во одредени ситуации и да го спознаат минатото и креираат иднината. Училиштето користи ефективни методи комуникација со родителите преку организирање на индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајки се на времето со кое располага родителот.<br>Родителите се запознаваат за постигањата на родителски средби како и Совет на родители и заеднички делуваат за некој посериозен проблем.<br>Училиштето е отворена институција и современа банка на податоци и извори која ја продлабочува комуникацијата на полето со родителите, локалната заедница и други инволвирани во тој круг. |
| Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето<br>Подобрување на комуникација со други училишта<br>Работилници за родители-едукативни |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - РЕСУРСИ

| |
|---|
| *Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*<br>*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*<br>*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*<br>*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.* |
| Оддели во рамките на подрачјето:<br>6.1 Сместување и просторни капацитети<br>6.2 Наставни средства и капацитети<br>6.3 Персонал<br>6.4 Развој на персоналот<br>6.5 Финансиско работење |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - РЕСУРСИ

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). Обработка на документи | |
|---|---|
| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Кои информации се собрани? |
| Годишна програма на училиштето<br><br>План за развој на училиштето | Училишниот простор ги исполнува условите за наставата според Нормативот. Постојат соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работата на наставниот кадар. Има 10 класични училници од 352м2 и 14 други простории. Потребно е прилагодување на просторните услови за да се одвиваат воннаставни активности и кабинетска настава. Направена е и адаптација на една просторија за часовите по физичко образование поради недостаток на спортска сала. Во училишниот двор има асфалтирано игралиште со површина од 972м2. |
| Увид во библиотечна евиденција<br><br>Увид во документација за набавка на наставни и нагледни средства<br>Пописна листа | Училиштето располага со стручна литература и наставни средства кои делумно соодветствуваат со современите наставни текови. Наставниците и учениците имаат пристап до нив. Училиштето располага со аудио-визуелна опрема, дел од ИКТ опрема. Наставниците по сопствено барање и потреба може да го користат во секое време. Библиотеката располага со книжевен фонд од околу 10 000 книги или во просек по 40 книги. Библиотеката работи во една смена поради организација на работата на училиштето. |

| | |
|---|---|
| Увид во досиеа на вработени<br>Правилник за систематизација | Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовениот процес. Наставниот кадар поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки, но за одредени потреби на учениците. При отсуство на кадар се води грижа на соодветна замена. Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците справување со проблемите. |
| Програма за работа на менторот<br>Извештаи од посетени обуки на наставниците<br>Годишна програма<br><br>Увид во финансов план<br>Годишна програма на училиштето | Училиштето ја овозможува потребата од професионален развој и им овозможува да се едуцираат и обучуваат. Постои систем на дисеминација на наставниците - посетувачите на било која обука. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионалниот развој на кадарот. Училиштето им помага на нововработените при што им одредува ментор.<br><br>Раководниот кадар има механизми за финансиско работење. Училишниот Одбор е запознаен со финанските активности на училиштето. Преку него се информираат и други инволвирани страни и на тој начин е присутна транспарентност при финансиската подршка и се има целосен увид во работењето. |
| Увид –записници од ревизии | Училиштето е подложено на финансова ревизија со цел да се увидат грешките во работењето. Буџетот се користи наменски и за креативни цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот во целина. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - РЕСУРСИ

| Собирање на податоци кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации | Кои информации се собрани? |
| Анкета со 10 наставници | | Од анкетираните наставници може да се констатира дека библиотеката не поседува доволна стручна литература и чувствуваат потреба од истите. Исто така наставниците бараат перманантно професоинално усовршување. |
| Анкета со 10 ученици | | Од анкетираните ученици се констатира дека тие не се задоволни од потребните лектирни изданија. |
| Интервју со библиотекар | | Училиштето располага со стручна литература но не многу соодветна на современите текови и потреби. Библиотекарот е задоволен од начинот на користење на лектирите па и по некое списание. Кај учениците е развиена љубовта кон читањето, позајмувањето и негувањето на пишаниот збор. |

| | | |
|---|---|---|
| Интервју со директор | | Од интервјуто со директорот се заклучува дека настава има потреба од нов книжевен фонд заради лично и професионално усовршување. Наставниците го следат текот на настаните и се постројуваат во строј. |
| Интеревју со директор | | Околу буџетот на училиштето се изготвува завршна сметка од страна на сметководител задолжен за училиштето и ја презентира пред Училишен Одбор.<br>Училиштето е подложено на финансова ревизија со цел да се увидат грешките во работењето. Буџетот се користи наменски и за креативни цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот во целина. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - РЕСУРСИ

| |
|---|
| Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости |
| Клучни јаки страни<br>Подршка на наставниците за професионален развој<br>Редовност на наставниот кадар во реализација на наставен план и програма<br>Максимално и уредно користење на библиотеката |
| Слабости<br>Недостаток на нови лектирни изданија<br>Неуреден училишен двор со стази и плоштатки за шетање и одмарање<br>Застарена и оштетена столарија во централното училиште |

Самоевалуација на училиштата: Подрачје - РЕСУРСИ

| Анализа на резултатите:<br>*Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје* |
|---|
| Училишниот простор ги исполнува условите за наставата според Нормативот. Постојат соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работата на наставниот кадар. Потребно е прилагодување на просторните услови за да се одвиваат вонннаставни активности и кабинетска настава. Направена е и адаптација на една просторија за часовите по физичко образование поради недостаток на спортска сала.<br>Училиштето располага со стручна литература и наставни средства кои делумно соодветствуваат со современите наставни текови. Наставниците и учениците имаат пристап до нив. Училиштето располага со аудио-визуелна опрема и дел од ИКТ опрема.<br>Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовениот процес. Наставниот кадар поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки, но за одредени потреби на учениците. При отсуство на кадар се води грижа на соодветна замена. Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците справување со проблемите. Училиштето ја овозможува потребата од професионален развој и им овозможува да се едуцираат и обучуваат. Постои систем на дисеминација на наставниците - посетувачите на било која обука. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионалниот развој на кадарот. Училиштето им помага на нововработените при што им одредува ментор.<br>Раководниот кадар има механизми за финансиско работење. Училишниот Одбор е запознаен со финанските активности на училиштето.<br>Училиштето е подложено на финансова ревизија со цел да се увидат грешките во работењето. Буџетот се користи наменски и за креативни цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот во целина. |
| *Идни активности: Приоритетни подподрачја* |

81

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Раководство и креирање на политика

| |
|---|
| *Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*<br>*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*<br>*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*<br>*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.* |
| Оддели во рамките на подрачјето:<br>7.1 Раководење со училиштата<br>7.2 Цели и креирање на училишната политика<br>7.3 Развојно планирање |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Раководство и креирање на политика

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи | |
|---|---|
| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Кои информации се собрани? |
| Статут на училиштето<br><br>Деловник за работа на УО<br>Записник од Наставнички Совет<br>Записник од Родителски Совет | Училишниот Одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот. Тој се состои од 9 члена-3 члена кои се делегирани од Наставнички Совет, 3 члена од Родителски Совет кои се делегирани од Советот на родители, 2 члена од локалата и ги делегира Советот на општината и 1 член кој е делегиран од Министерството за образование. УО им обезбедува редовни детални и сеопфатни информации. УО соработува со раководниот орган.<br>Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија и мисија. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата кој се заснова на успешна соработка. |
| Записници од Училишен Одбор<br>Деловник за работа на УО | Училишниот Одбор одржува состаноци по потреба од страна на директорот или 5 члена на свое барање. Мора да се почитува деловникот за работа бидејќи е пропишан акт за сите членови на УО.<br>Секој член треба да го има деловникот бидејки само така ќе се оди кон ефективност во работа на училиштето. |
| | Директорот на училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Училиштето |

| | |
|---|---|
| Програма за работа на директорот | навреме ги има идентификувано потребите од материјално-технички потреби и континуирано планира и обезбедува. Училиштето треба да ги зема во предвид ставовите на вработените. |
| Годишна програма на училиштето | Целите на училиштето се во согласност со целите на државата и локалната образовна политика. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимализирање на постигањата на сите ученици. Вработените може да учествуваат во креирање на училишната политика. |
| Пописни листи | Училиштето навреме ги има идентификувано потребите од материјално-технички потреби и континуирано планира и обезбедува и има механизам за поседување и нивна распределба дали се во централното училиште или во некое од подрачните. |
| Огласна табла<br>Локална телевизија<br>Годишна програма | Сите информации се пренесуваат јавно заради транспарентност на истите.<br>Годишната програма е достапна за сите субјекти и отворена за критика и корекции. Се усвојува од Советот на Општината. |
| Полугодишен извештај 2008/2009<br>Записникод Наставнички Совет<br>Записник од Училишен Одбор<br>Кодекс на однесување | Во училиштето има наставен кадар од друга националност-2 наставника од влашка и 1 наставник од српска националност. Наставата се изведува на македонски јазик.<br>Кодексот на однесување е прифатен од сите вработени и се имплементира во значителни мерки.<br>Во склоп на централното училиште има 4 подрачни и тоа-с. Мустафино, с. Амзабегово, с .Кадрифаково и с .Пеширово. Од нив нема ниту еден преставник од Наставнички Совет во Училишниот Одбор како резултат на отежната комуникација. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Раководство и креирање на политика

| Собирање на податоци кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации | Кои информации се собрани? |
| Интервју со директорот | | Училиштето креира политика на информирање на релевантни фактори кои треба да се запознаат со годишната програма. Имено таа во изготвувањето го вклучува наставниот кадар заради поголема вклученост и меѓусебна интеракција како и тимска работа како значаен облик на опстојување. |
| Интервју со член на Училишен Одбор | | Има можност да не се одржи состанок до колку нема потребен кворум и тогаш се презакашува состанокот бидејки во спротивно тоа би претставувало непочитување на Деловникот. |
| Интервју со директор на училиште | | Кога се врши планирањето се врши евалвација на годишната програма од претходната година, евалвација на самоевалуација, претходни извештаи од инспекциски надзор. Тоа претставува отскочна даска за понатамошното планирање.Нашето училиште нема стратегија за долгорочно планирање. |

Самоевалуација на училиштето: Подрачје - Раководство и креирање на политика

| Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости |
|---|
| Клучни јаки страни<br>Училишниот Одбор има значајни законски акти<br>Училишниот Одбор се раководи по Деловникот за работа<br>Училиштето има добра соработка со локалната средина<br>Добра дефинирана поставеност |
| Слабости<br>Отежната комуникација со подрачните училишта<br>Недоволна соработка со родителите<br>Долгорочно планирање за училиштето |

Самоевалуација на училиштата: Подрачје - Раководство и креирање на политика

| Анализа на резултатите:<br>*Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје* |
|---|
| Училишниот Одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот. Тој се состои од 9 члена-3 члена кои се делегирани од Наставнички Совет, 3 члена од Родителски Совет кои се делегирани од Советот на родители, 2 члена од локалата и ги делегира Советот на општината и 1 член кој е делегиран од Министерството за образование. УО им обезбедува редовни детални и сеопфатни информации. УО соработува со раководниот орган. Директорот на училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување. Целите на училиштето се во согласност со целите на државата и локалната образовна политика. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимализирање на постигањата на сите учениции, подобрување на кадарот. Училиштето навреме ги има идентификувано потребите од материјално-технички потреби и континуирано планира и обезбедува училиштето и има механизам за поседување и нивна распределба дали се во централното училиште или во некое од подрачните.<br>Годишната програма е достапна за сите субјекти и отворена за критика и корекции. Се усвојува од Советот на Општината.<br>Кодексот на однесување е прифатен од сите вработени и се имплементира во значителни мерки.<br>Во склоп на централното училиште има 4 подрачни и тоа- с. Мустафино, с. Амзабегово, с. Кадрифаково и с. Пеширово. Од нив нема ниту еден преставник од Наставнички Совет во Училишниот Одбор како резултат на отежната комуникација.<br>Кога се врши планирањето се врши евалвација на годишната програма од претходната година, евалвација на самоевалуација, претходни извештаи од |

| |
|---|
| инспекциски надзор.[14] Тоа претставува отскочна даска за понатамошното планирање.Само така ќе има поголеми резултати во реализирање на воспитно-образовниот процес. Нашето училиште нема стратегија за долгорочно планирање. |
| Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето<br>Подобрување на соработката со родителите<br>Вклученост на наставниците во Училишен Одбор од подрачните училишта<br>Проекти за долгорочно планирање |

**4. Други документи**

Освен документи за овој чекор-по-чекор процес, доставувањето на самоевалуацијата на училиштата исто така бара да се опише и процесот на нејзиното изготвување како и список на сите консултации. Основно е барањето идеите и мислењата на главните чинители да бидат рефлектирани во изготвувањето на самоевалуацијата на училиштето. Придружната документација како што се забелешки, евиденција од присуство на состаноци и други основни податоци мора да бидат достапни на располагање за инспекција.

Има критериуми за оценување (вреднување) на самоевалуацијата на училиштата.

Постојат формулари кои ги користи Регионалниот одбор за евалуација за да ја оцени самоевалуацијата на училиштата. Многу е важно да обрнеме внимание на истите и на забелешките пред и за време на изготувањето на самоевалуацијата на нашето училиште и резимето од истата. Заедно со развојниот план на училиштето, Регионалниот одбор ги оценува и бодува самоевалуацијата на нашето училиште, и дава мислење во врска со посочените секции (делови). Онаму каде што било која секција добила малку бодови, или доколку вкупниот број на бодови е низок, Регионалниот одбор за евалуацијата доставува детален одговор за да се подобриме.

[14] Индикатори на успех од ДПИ инспекторат

# III ДЕЛ

# МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Цели на истражување

### 1. 1. Научна цел на истражување

Истражувањето има за цел да утврди колку се јакнат капацитетите на човечките ресурси во процесот на самоевалуацијата и поврзаноста со физичките и материјалните ресурси за собирање и анализирање на податоци за изготвување на рамката на самоевалуацијата. Истражувањето треба да ги утврди можните пополнувања на рамките на самоевалуацијата и начините на седумте подрачја кои треба да бидат сеопфатни за да може да се дојде до јаките и слабите страни на секое подрачје од самоевалуацијата. Секое подрачје си бара посебни техники и инструменти за истражување и затоа треба да се обрне доволно внимание.

- Анализата на резултатите од истражувањето ќе послужи за уште понатамошни истражувања и ќе доведе до сознание за начините кои треба да се превземат за да се обезбедат квалитетни учества во рамките на самоевалуацијата
- Начините кои треба да се превземат за да се обезбедат квалитетни учества во рамките на самоевалуацијата

### 1. 2. Практична цел

Да се утврди како се вклучени човечките ресурси во различните подрачја во рамките на самоевалуацијата во училиштата во основното образование во Македонија.

Споредувањето на истражувањето во различни училишта од РМ од кои едно училиште од град Скопје, едно училиште од поголем град или општина и едно училиште во селска средина ќе влијаат и практикуваат во наставниот процес за да се обезбеди квалитет и развој на основното образование.

Анализата на резултатите од ова истражување ќе може да даде одговор на најчесто поставуваното прашање - Дали со самоевалуацијата јакнат капацитетите на човечките ресурси во училиштата од РМ? Истражувањето се

изврши во следниве училишта: ООУ "Панајот Гиновски" -Скопје кое е двојазично (македонско - албанско), ООУ "Светозар Марковик" општина Старо Нагоричане и ООУ "Даме Груев" с.Ерџелија-Свети Николе.

Се истражува и направи споредување на резултатите во подрачјето на наставниот план и програма, какво е влијанието на родителите врз начинот на реализација на наставен план и програма, дали се вклучуваат подеднакво учениците од друга етничка припадност, каква е вклученоста на наставниците, родителите и учениците во рамките на процесот на самоевалуацијата.

## 2. Задачи на истражувањето

Задачи на истражувањето се:

1. Да се утврaди дали постои разлика во вклученоста на наставниците во процесот на самоевалуацијата во зависност од полот
2. Да се утврди степенот на интеракција помеѓу наставник и ученик
3. Да се утврди дали сите наставници и ученици се еднакво третирани во процесот на самоевалуација
4. Да се утврди на кои подрачја од рамката на самоевалуација има најмногу сличности во трите училишта во кои се врши истражувањето
5. Да се утврди колку родителите се доволно запознаени со процесот на самоевалуацијата
6. Да се утврди дали сите училишта се вклучени во процесот на самоевалуацијата
7. Да се испитаат ставовите во однос на вклученоста на учениците во самоевалуацијата
8. Да се утврaди на кои проблеми се наидуваше при изработката на самоевалуацијата и да се споредат проблемите во трите училишта
9. Да се утврди дали овие училишта имаат изработено втора самоевалуација
10. Да се утврди колку годишната програма се темели на самоевалуацијата и развојното планирање на училиштето

11. Дали изработката на самоевалуацијата придонесе за учество на други проекти
12. Да се утврдат придобивките стекнати со самиот процес на самоевалуација
13. Да се утврди подобрување на процесот на самоевалуација со вклучувањето на човечките ресурси
14. Да се утврди како може со вклучување да се јакнат капацитетите на човечките ресурси
15. Да се утврди полето на влијание на човечките ресурси на наставник, ученик, родител
16. Самоевалуацијата помога да се вклучат човечките ресурси во поголем број
17. Да се испита вклученоста на наставници, ученици и родители во трите училишта

## 3. Хипотези на истражувањето

### 3. 1. Генерална хипотеза

Практичната имплементација на самоевалуацијата позитивно влијае врз подобрувањето на квалитетот на наставата во воспитно-образовниот процес и зајакнување на човечките ресурси во воспитно-образовниот процес во училиштето.

### 3. 2. Посебни хипотези

1. Самевалуацијата позитивно влијае врз вклучување на човечките ресурси во подобрувањето на училишната клима, инфраструктутата и постигнувањето на подобри резултати
2. Регрутирањето на наставниците во процесот на самоевалуацијата влијае на давање на целосни и точни информации во однос на рамката

на самоевалуацијата

3. Регрутирањето на наставниците во процесот на самоевалуација ги охрабруваат и останатите да се вклучат во процесот и со тоа да стекнат поголема самодоверба и поголема мотивација
4. Кај учениците доминираат позитивни ставови во однос на нивното вклучување во процесот на СЕУ
5. Вклучувањето на родителите во процесот на самоевалуацијата ги мотивира да се вклучат во училишниот живот
6. Наставниците по оценувањето од РОЕ – Регионален Одбор за Евалуација за самоевалуацијата повеќе се мотивирани за вклучување во други проекти
7. Училишните соработници сметаат дека координаторите на трите училишта на СЕУ се оспособени за изработка на втора самоевалуација предвидена со закон за основно образование на секои три години
8. Училишните соработници сметаат дека самоевалуацијата позитивно влијае врз угледот (репутација) на училиштето

## 4. Методи, техники и инструменти на истражување[15]

Ова истражување е насочено кон утврдување на состојбите во училиштата од основно образование од три населени места ООУ "Панајот Гиновски" -Скопје е двојазично (македонско-албанско), ООУ "Светозар Марковик" општина Старо Нагоричане и ООУ "Даме Груев" с.Ерџелија-Свети Николе.

Главна преокупација на истражувањето од овој магистерски труд е собирање, анализирање, споредување и толкување на ставовите за размислувања на човечките ресурси Наставник – Ученик - Родител вклучени во процесот на самоевалуацијата.

Според проблемот на истражувањето и тргнувањето од целта на

[15] (Bognar,1993:80-81)

истражувањето се користи дескриптивниот метод, интервјуто, анкетните прашалници и друго.

Во истражувањето доминира дескриптивниот метод со сите свои модалитети што значи дека се врши анализирање на состојбата, компарирање и генерализирање.

Согласно со поставените задачи се применети следниве техники:
-анкетирање[16]

Преку анкетните прашалници се добија податоци за вклученоста на наставниците, учениците, родителите во рамките на СЕУ по различни подрачја-Наставен план и програма, Постигања кај учениците, Учење и настава, Подршка на учениците, ЕТОС-училишна клима и култура, Ресурси, Раководство и креирање на политика.

Се истражува и споредува какви се резултатите во подрачјето на наставниот план и програма, какво е влијанието на родителите врз начинот на реализација на наставниот план и програма, дали се вклучуваат подеднакво учениците од друга етничка припадност, каква е вклученоста на наставниците и родителите во рамките на процесот на самоевалуацијата. Се направи споредување како резултат на истржувањето во ООУ "Панајот Гиновски" - Скопје кое е двојазично (македонско-албанско), ООУ "Светозар Марковиќ" општина Старо Нагоричане и ООУ "Даме Груев" с.Ерџелија-Свети Николе.

-Интервју[17]

Преку интервјуто добивме потребни резултати околу претходната самоевалуација.

Интервјуто се вршеше со училишните соработници кои беа одговорни за спроведувањето на самоевалуацијата во рамките на ПМО. Училишните соработници имаа улога да дадат подрашка на училиштата за имплементација на грантовите, од областа на образовните прашања и набавки поврзани со финансиски аспекти. Одговорноста на училишните соработници помагаа на училиштата во спроведување на оценка за капацитетите на училиштата за

[16] (Bognar,1993: 81)
[17] (Bognar,1993:80)

набавки и достава ЕКП (единица за координација на проекти) и подготвување и имплементирање за планот на набавки, но по претходна изработена и оценета самоевалуација на РОЕ (регионален одбор за координации).

**5. Примерок на истражување**

- СЛУЧАЕН СТРАТИФИКУВАН

По пат на случаен избор едно училиште од град Скопје – ООУ "Панајот Гиновски", приградска - ООУ "Светозар Марковиќ" општина Старо Нагоричане и селска средина - ООУ "Даме Груев" с. Ерџелија

-ученици од 7 и 8 одделение

-родители на ученици од 7 и 8 одделение

-Наставници кои предаваат во трите училишта

Суб примероците (анкетни прашалници) се однесуваат на 100 родители, 100 наставници и 100 ученици или вкупно 300 испитаници од трите училишта.

**6. Статистичка обработка на податоците**

Пополнувањето на анкетните прашалници се спроведе во едно училиште на град Скопје едно приградско и едно училиште во село. Потоа следи анализа на податоците и интерпретација на добиените податоци. Се направи и споредување помеѓу споменатите училишта. Податоците беа интерпретирани преку графикони.

Од методолошки аспект ова истражување е насочено кон осознавање за јакнење на капацитетите на човечките ресурси во процесот на самоевалуација. Од квантитативните методолошки постапки на собирање податоци, се примени анкета со прашалник за ученици од 7 и 8, родители на ученици од 7 и 8 и наставници кои предаваат во 7 и 8. Со спроведувањето на анкетните прашалници за ученици, наставници и родители може да се извраши споредување во однос на истите во трите училишта кои се земаат во истражувањето. Исто така се примени интервјуто со училишните соработници

преку кое може да се одговори на некои поставени задачи.

## 7. Организација и тек на истражувањето

Текот и организацијата на истражување е многу значајно за самото истражување. Многу е важно да се увидат материјално техничките проблеми и да се решат, да се обрне внимание на времетраењето на истражувачките активности, бидејќи со потполна контрола на потребните фактори за успешно спроведување на истражувањето може да се постигне бараната цел.

# IV ДЕЛ

# АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТНИТЕ ПРАШАЛНИЦИ ЗА НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ И РОДИТЕЛИ И АНАЛИЗА НА ИНТЕРВЈУТО СО УЧИЛИШНИ СОРАБОТНИЦИ

**1. Анкета со наставници, ученици и родители**

Целта на ова истражување беше објективно мерење на некои прашања и проблеми кои директно влијаат на подобрување на училиштето, изнаоѓање на јаките и слабите страни на училиштето, а со тоа и самооценување на училиштето односно изработка на самоевалуација како стратегија за подобрување и развој на училиштето.

Со анкетата беа опфатени 40 наставници од кои 15 од ООУ „Панајот Гиновски", 10 од ООУ „Светозар Марковиќ" и 15 од ООУ „Даме Груев". Во ООУ „Панајот Гиновски" беше планирано да се анкетираат 30 наставници, но со оглед на тоа што ова училиште е двојазично и не покажале интерес за анкетирање, бројката е сведена на 15. Во ООУ „Светозар Марковиќ" има мал број ученици, околу 130, па поради тоа и мал број наставници, а згора на сL дополнуваат во повеќе училишта и од тие причини бројката е сведена на 10. Во ООУ „Даме Груев има мал број на ученици – 220 и голем број на новвработени, а со тоа и непознавање на самоевалуацијата, па поради тоа бројката е сведена на 15. Во анкетата се вклучени наставници кои предаваат во седмо и осмо одделение, ученици од седмо и осмо одделени и родители на ученици кои учат во седмо и осмо одделение.

Со цел за реализирање на ова истражување е направен прашалник за наставници преку кој истовремено се собрани квантитативни и квалитативни податоци. Прашалникот има 12 прашања од затворен тип каде наставникот има можност да заокружи една или повеќе од понудените опции и 3 прашања од отворен тип каде наставниците имаат можност да го дадат своето мислење за да обезбедат квалитативни податоци на истражувањето.

Во анкетата за ученици беа опфатени 80 испитаници од кои 30 од ООУ „Панајот Гиновски", 20 од ООУ „Светозар Марковиќ" и 30 од ООУ „Даме Груев. Во оваа анкета има 6 прашања од затворен тип и 4 прашања од отворен тип со кои можеме да обезбедиме квалитативни податоци и учениците можат слободно да го додадат својот став кој можеби не е вклучен во некој од понудените одговори на прашањата од затворен тип. Учениците се случајно избрани и оние кои прифатија добија по еден анкетен лист. Значи мострата на

нашето истражување била случајна. Сите анкетирани се од седмо и осмо одделение. Од ООУ „Светозар Марковиќ“ се анкетирани 20 ученици поради малиот број на ученици од седмо и осмо одделение.

Во анкетата за родители беа опфатеи 80 родители на учениците од седмо и осмо одделени од кои 30 од ООУ „Панајот Гиновски“, 20 од ООУ „Светозар Марковиќ“ и 30 од ООУ „Даме Груев. Анкетниот лист содржи 10 прашања од кои 6 се од затворен тип, а 4 од отворен тип каде што родителите можат директно да ги произнесат своите ставови во однос на одредени барања на анкетниот лист. Воглавно анкетираните родители се родители на анкетираните ученици со цел да се добијат информации кои се однесуваат и на учениците и на родителите и да се направи споредба меѓу истите. Анкетираните родители, исто како и учениците се случајно избрани бидејќи бројката на учениците од седмо и осмо одделение во училиштата е ограничена.

***Резултати од анкетните прашалници***

Од анкетните прашалници беа собрани два вида на податоци. Квантитативните ни помогнаа да констатираме за реалната постојна состојба за секое прашање кое го покрива истражувањето. Овие податоци ќе ги покажеме со графикони во текот на коментирањето на резултатите и елаборација на проблемите. Освен овие податоци обезбедивме и квалитативни податоци (од отворени прашања) кадешто анкетираните беа слободни да пишуваат за нивните проблеми што се однесуваат во однос на прашањата. Овие податоци ни помогнаа во анализирањето на ситуацијата, односно процесот на самоевалуацијата и да се изнајдат факторите кои влијаат на проблемите што се опфатени со ова истражување. Споредувањето на квантитативните и квалитативните податоци ни овозможи да ги идентификуваме и рангираме поголемите проблеми кои според анкетираните влијаат повеќе на процесот на самоевалуација во однос на јакнење на капацитетите на човечките ресурси. Истражувањето покажа дека човечките ресурси се вклучени во процесот на самоевалуација и со самото вклучување тие се оспособени и зајакнати.

Истражувањето кое беше насочено кон наставниците укажа дека во анкетирањето се вклучени повеќе наставници и родители од машки пол, додека

кај учениците преовладуваат испитаници од женски пол. Во истото се вклучени испитаници од различни етнички припадности, а најмногу од Македонска националност. Поголем број од учениците и наставниците се еднакво третирани во процесот на самоевалуација. Учениците од ООУ „Панајот Гиновски" не се чувствуваат целосно безбедни во училиште и бараат поголемо вклучување во процесот на самоевалуација. И учениците и родителите воглавно не знаеле дека постои можност да го побараат документот НПП. Се покажа дека родителите во врска со многу теми се многу слабо информирани или воопшто незапознаени со теми од училишниот живот на нивните деца од што произлегува во иднина активно вклучување на човечките ресурси родители, па и ученици во процесот на самоевалуација. Од истражувањето се покажа дека некои училишта имаат изработено втора евалуација, а ја изработиле истите наставници што ја изработиле и првата со самото вклучување како координатори на проектот во училиштето. Преку самоевалуацијата наставникот добива јасна слика за себе, за училиштето и каде се наоѓа истото, а и каде сака да биде во иднина. Со истражувањето исто така е утврдено дека капацитетите на човечките ресурси се јакнат преку процесот на самоевалуација во основното образование. Самоевалуацијата ќе помогне да се вклучат човечки ресурси во поголем број и ќе претставува дополнителен напор да се создаде училишна клима и култура на управување кое ќе го етаблира образованието како значаен фактор и генератор во развојот на сите сфери. Квалитетот на самоевалуацијата зависи од мотивираноста на наставниците, учениците, родителите и директорот на училиштето. Регрутирањето на наставниците во процесот на самоевалуација ги поттикнува и останатите да се вклучат во процесот и со тоа да стекнат поголема самодоверба и поголема мотивација.

**2. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетата со наставници, ученици и родители и интервјуто со училишните соработници**

**2.1. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетата со наставници**

***1. Пол***

а) машки б) женски




График 1 – Структура на примерокот по пол




График 1а – Структура на примерокот по пол според училиштето

Од анкетираните 40 наставници по пол е констатирано дека 57,5% се машки, а 42,5% се женски што покажува дека анкетираните наставници подеднакво се третирани според полот. Во ООУ „Светозар Марковиќ"с. Нагоричане дури 90% се испитаници од женски пол, додека во ООУ „Панајот Гиновски" Скопје процентот е уште помал и изнесува само 20%.

***2. Националност***

а) Македонец б) Србин в) Ром г) друго




График 2 – Структура на примерокот по националност




График 2а – Структура на примерокот по националност според училиштето

Од анкетираните наставници, 72,5% се Македонци, 20% се Срби а 7,5% се од други националности – воглавно Бошњаци а Роми не се воопшто анкетирани. Голем процент од анкетираните се Македонци во двете училишта - ООУ „Панајот Гиновски" Скопје и ООУ „Даме Груев " с. Ерџелија, а во Светозар Марковиќ" с. Нагоричане поголем процент се Срби.

***3. Колку години работно искуство имате стекнато само во образование***

а) до 10 год. б) 10-20 в) 20-30 г) над 30



График 3 – Структура на примерокот според работното искуство




График 3а – Структура на примерокот според училиштето

Од анкетираните наставници, според работното искуство што го стекнале во образованието се констатира дека 22,5% имаат работно искуство до 10 години, 40% од 10 до 20 години, 17,5% од 20 до 30 години и 20% имаат повеќе од 30 години работно искуство.

Како што гледаме од графикот дека во Старо Нагоричане 50% од анкетираните се со искуство до 10 години, додека во Скопје се оние со искуство од 10 до 20 години, со застапеност од 33,3%, а во с. Ерџелија најзастапени со 53,3% се со искуство од 20 до 30 години.

***4. Дали сте учествувале во процесот на самоевалуацијата во вашето училиште***

а) ДА б) НЕ




График 4 – Структура на примерокот по учество во самоевалуација




График 4а – Структура на примерокот по учество во самоевалуација според училиштето

Од анкетираните наставници, во процесот на самоевалуација во училиштата учествувале 87,5% од наставници, додека 12,5% не зеле учество. Најмногу од наставниците кои учествувале во СЕУ се од ООУ „Даме Груев",

односно учествувале сите анкетирани наставници. Мал процент од анкетираните наставници не земале учество во процесот на самоевалуацијата.

***5. Заокружете ги или подвлечете ги зборовите или фразите кои ги искажуваат вашите ставови за самоевалуацијата:***

а) напорна работа б) одзема многу време в) исполнувачко
г) имаше многу потешкотии д) ништо нема да испадне од ова
ѓ) корисно е) досадно ж) стимулирачко
з) ќе ни помогне да го подобриме училиштето
ѕ) ќе добиеме доволно информации околу процесот на спроведување
и) ќе ни помогне да ги согледаме јаките и слабите страни на училиштето




График 5 – Структура на примерокот по искажани ставови за самоевалуација

Наставниците најмногу ги искажале своите ставови за самоевалуацијата во однос на фразата „Самоевалуацијата ќе ни помогне да го подобриме училиштето" – 55% од анкетираните наставници, додека 47,5% ги искажале

своите ставови во однос на фразата „Ќе ни помогне да ги согледаме јаките и слабите страни на училиштето". Само 5% од испитаниците го искажале својот став дека при изработката на самоевалуацијата им било досадно.




| | ООУ „Панајот Гиновски", Скопје | ООУ „Светозар Марковиќ", С. Нагоричане | ООУ „Даме Груев", с. Ерџелија |
|---|---|---|---|
| а) | 20.0% | 10.0% | 66.7% |
| б) | 20.0% | 10.0% | 0.0% |
| в) | 20.0% | 0.0% | 0.0% |
| г) | 13.3% | 0.0% | 40.0% |
| д) | 0.0% | 0.0% | 66.7% |
| ѓ) | 46.7% | 30.0% | 0.0% |
| е) | 6.7% | 10.0% | 0.0% |
| ж) | 13.3% | 10.0% | 20.0% |
| з) | 46.7% | 50.0% | 66.7% |
| ѕ) | 13.3% | 20.0% | 66.7% |
| и) | 13.3% | 70.0% | 66.7% |

График 5а – Структура на примерокот по искажани ставови за самоевалуација според училиште

Од графиконот може да се забележи дека испитаниците од ООУ „Панајот Гиновски" ги искажале своите ставови во однос на фразите дека самоевалуацијата ќе им помогне за подобрување на училиштето и дека самоевалуацијата е корисна. Испитаниците од ООУ „Светозар Марковиќ", с. Старо Нагоричане ги потврдиле ставовите дека самоевалуацијата ќе им помогне да ги согледаат јаките и слабите страни на училиштето. Кај

испитаниците од ООУ „Даме Груев" ставовите се скоро подеднакво поделени. Само за 20% од испитаниците изработката на самоевалуацијата е стимулирачка.

***6. Дали учествувате во годишната програма во училиштето***

а) ДА б) НЕ




График 6 – Структура на примерокот според учество во годишна програма




График 6 – Структура на примерокот според учество во годишна програма според училиштето

Од анкетираните наставници, 65% учествувале во изработка на годишната програма на училиштето, што претставува незанемарувачка бројка. Самите наставници во сите три училишта скоро подеднакво се вклучени во изработката.

***7. Која од следниве нешта е поволност која произлегува од процесот на самоевалуацијата***

Оценете ги поволностите од 1 до 4 и тоа на следниот начин

1 малку корисно

2 донекаде корисно

3 корисно

4 мошне корисно

| | | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Вработените се во можност да ги согледаат и евалуираат постигнувањата на училиштето | | | | |
| 2. | Ќе има можност да ја подобриме обуката и наставата на еден поефективен начин | | | | |
| 3. | Ќе се подобри односот помеѓу учениците родителите и заедницата | | | | |
| 4. | Ќе станеме добри наставници | | | | |
| 5. | Мотивацијата и моралот ќе се зголемат | | | | |
| 6. | Ќе имаме можност да ги споделиме знаењето и вештините со друи наставници и со останатите од заедницата | | | | |
| 7. | Родителите ќе согледаат дека можат да придонесат за развојот на нашето училиште | | | | |
| 8. | Ќе се подобри интеракцијата со учениците | | | | |
| 9. | Целосно ќе се користат постоечките ресурси | | | | |




График 7_1 – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација




График 7_1а – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација според училиштето

57,5% од испитаниците ја дефинирале корисна можноста на вработените да ги согледаат и евалуираат постигнувањата на самото училиште преку

процесот на самоевалуација. Во ООУ „Светозар Марковиќ“ во однос на оваа поволност се изјасниле 90% од испитаниците.




График 7_2 – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација




График 7_2а – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација според училиштето

50% од испитаниците се изјасниле дека преку процесот на самоевалуација ќе ја подобрат обуката и наставата на поефективен начин. 90% од испитаниците во ООУ „Светозар Марковиќ" се изјасниле за оваа поволност дека е корисна.




График 7_3 – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација




График 7_3а – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација според училиштето

42,5% проценти од испитаниците потврдиле дека преку процесот на самоевалуацијата ќе се подобри односот помеѓу учениците, родителите и заедницата. 70% од испитаниците од ООУ "Светозар Марковиќ" ја оцениле оваа поволност како мошне корисна.




График 7_4 – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација



График 7_4а – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација според училиштето

62,5% од испитаниците потврдиле дека преку процесот на самоевалуација ќе станат добри наставници. 100% од испитаниците од ООУ „Даме Груев“ ја дефинирале оваа поволност како мошне корисна за разлика од ООУ „Панајот Гиновски“ каде само 20% од испитаниците се сигурни во оваа поволност.




График 7_5 – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација



График 7_5а – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација според училиштето

52,5% од испитаниците ја потврдиле поволноста дека мотивацијата и моралот ќе се зголемат како мошне корисна. Испитаниците од ООУ „Светозар Марковиќ“ и ООУ „Даме Груев“ се согласуваат во иста мера за оваа поволност додека испитаниците од ООУ „Панајот Гиновски“ повторно драстично не се согласуваат со оваа поволност.




График 7_6 – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација



График 7_6а – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација според училиштето

55% од испитаниците се согласиле дека во процесот на самоевалуација ќе имаат можност да ги споделат знаењето и вештините со други наставници и останатите од заедницата. 80% од испитаниците од ООУ „Светозар Марковиќ" ја дефинираат оваа поволност како корисна, додека во останатите две училишта, процентот на испитаниците што ја дефинирале како корисна е 46,7%. Само 12,5% од испитаниците ја прифатиле оваа поволност како мошне корисна.




График 7_7 – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација




График 7_7а – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација според училиштето

40% од испитаниците сметаат дека родителите ќе придонесат за развојот на училиштето преку процесот на самоевалуација, а само 5% сметаат дека процесот на самоевалуацијата е малку корисен. 60% од испитаниците од ООУ „Светозар Марковиќ" сметаат дека оваа поволност е донекаде корисна, додека само 15% од сите испитаници сметаат дека оваа поволност е мошне корисна што претставува значително мала бројка.



График 7_8 – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација




График 7_8а – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација според училиштето

55% од испитаниците сметаат дека преку процесот на самоевалуација ќе се подобри интеракцијата со учениците. По 60% од испитаниците од ООУ „Панајот Гиновски" и ООУ „Даме Груев" сметаат дека оваа поволност е корисна, додека 6,7% е мошне корисна. Испитаниците не се изјасниле дека оваа поволност е малку корисна.




График 7_9 – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација




График 7_9а – Структура на примерокот според произлезени поволности од самоевалуација според училиштето

37,5% од испитаниците се изјасниле мошне сигурни дека во процесот на самоевалуација целосно ќе се користат постоечките ресурси. 60% од испитаниците од ООУ „Светозар Марковиќ" се изјасниле дека оваа поволност е мошне корисна.

***8. Наведете ги проблемите со кои се соочивте при спроведувањето на самоевалуацијата на училиштето.***




График 8 – Структура на примерокот според произлезени проблеми при самоевалуација




График 8а – Структура на примерокот според произлезени проблеми при самоевалуација според училиштето

47,5% од испитаниците се изјасниле дека процесот на самоевалуација на училиштето го спроведуваат без финансиски средства, а е потребно многу време. 60% од испитаниците од ООУ „Даме Груев" се соочиле со финансиски проблем при изработка на процесот на самоевалуација и 40% немаат доволно време и финансии. 60% од испитаниците од ООУ „Светозар Марковиќ" не дале никаков одговор на прашањето, што иницира на незадоволство и незаинтересираност кај наставниците!

***9. Дали добивте грант за подобрување на училиштето од ПМО***

а) ДА б) НЕ




График 10 - Структура на примерокот по добиен гранд




График 10 - Структура на примерокот по добиен гранд според училиштето

95% од испитаниците добиле грант за подобрување на училиштата од проектот за Модернизација на образованието, односно сите испитаници од ООУ „Даме Груев" и ООУ „Светозар Марковиќ" го потврдиле ова. 13,3% од испитаниците од ООУ „Панајот Гиновски" одговориле дека не добиле грант и покрај тоа што училиштето има добиено грант. Ова најверојатно се должи на недоволна информираност на анкетираните наставници со најмалку работно искуство или помалку од 5 години.

***10. Дали сметате дека средствата од грантот беа правилно и целосно искористени***

а) ДА б) НЕ в) НЕЗНАМ




График 10 - Структура на примерокот по искористен гранд




График 10а - Структура на примерокот по искористен гранд според училиштето

72,5% од испитаниците сметаат дека средствата од грантот за подобрување на училиштата од проектот за модернизација на образованието беа правилно и целосно искористени, додека 2,5% од испитаниците не се согласуваат со ова. Дури 46,7% од испитаниците од ООУ „Панајот Гиновски" се изјасниле дека не знаат дали средствата се целосно и правилно искористени, а од останатите училишта од 10% до 13,3% не знаат дали средствата се правилно и целосно искористени. 90% од испитаниците од ООУ „Светозар Марковиќ" с. Негоричане сметаат дека правилно се искористени средствата од грантот.

***11. Сметате ли дека процесот на самоевалуација ви помогна за јакнење на капацитетите на човечките ресурси во училиштето***

а) многу ми помогна б) делумно ми помогна в) воопшто не ми помогна




График 11 - Структура на примерокот според јакнење на капацитети на човечки ресурси ви СЕУ




График 10 - Структура на примерокот според според јакнење на капацитети на човечки ресурси во СЕУ според училиштето

65% од испитаниците се изјасниле дека процесот на самоевалуација делумно помогнал за јакнење на капацитетите на човечките ресурси во училиштата. На релативно мал број испитаници (22,5%) од овие училишта многу им помогнал процесот на самоевалуација за јакнење на капацитетите на

човечките ресурси во училиштата. Делумно и во поголем процент и помогнал на наставниците од ООУ „Панајот Гиновски" Скопје а на 13% воопшто не и помогнал за јакнење на капацитетите на човечките ресурси во процесот на самоевалуацијата.

***12. Во колку подрачја на самоевалуацијата бевте вклучени***

а) две б) три в) повеќе




График 12 - Структура на примерокот според вклученоста во подрачја на СЕУ




График 12а - Структура на примерокот според вклученоста во подрачја на СЕУ според училиштето

55% од испитаниците биле вклучени во две подрачја во процесот на самоевалуацијата, 12,5% во три подрачја а останатите 32,5% во повеќе подрачја од процесот на самоевалуација. Во ООУ „Светозар Марковиќ“ најголем број од испитаниците (50%) биле вклучени во повеќе подрачја од процесот на самоевалуација.Во ООУ „Панајот Гиновски“ Скопје најмногу испитаници се вклучени во 2 подрачја, а во ООУ „Даме Груев“с. Ерџелија биле вклучени во 2 или повеќе подрачја.

***13. Сметате ли дека треба да се внесе ново подрачје - еко средина во рамките на процесот на самоевалуацијата***

а) ДА б) НЕ в) доволно се овие




График 13 - Структура на примерокот според вклученоста во подрачја на СЕУ




График 13а - Структура на примерокот според вклученоста во подрачја на СЕУ

52,5% од испитаниците сметаат дека во процесот на самоевалуација треба да се внесе ново подрачје „еко-средина" кое ќе биде како ново подрачје на истражување. 7,5% се изјасниле дека се доволни седумте подрачја кои моментално се во рамките на самоевалуацијата. Мнозинството од испитаниците од ООУ „Даме Груев" се изјасниле дека претходно споменатото ново подрачје не треба да се внесе во рамките на самоевалуацијата.Најголем процент од испитаниците од ООУ „Светозар Марковиќ" с. Негоричане дури 70% сметаат дека еко-подрачје треба да се внесе како ново подрачје во рамките на самоевалуацијата. Ако не се внесе како подрачје тогаш можеби ќе се воведе некој нов проект поврзан со еко -средина па ќе биде дополнително отежнување и работење по некои нови критериуми. Сето тоа пак ќе бара нови човечки ресурси, време и средства.

***14. Имавте ли подршка при прибирањето на податоци за изготвувањето на самоевалуацијата во училиштето од локалната средина***

а) ДА б) НЕ




График 14 - Структура на примерокот според дадената подршка при прибирањето на податоци за изготвувањето на на СЕУ од локалната средина




График 14а - Структура на примерокот според дадената подршка при прибирањето на податоци за изготвувањето на на СЕУ од локалната средина по училиште

82,5% од испитаниците наишле на подршка при прибирањето на податоци за изготвување на самоевалуацијата на училиштето од локалната заедница. Најголем процент на испитаници што не наишле на подршка од локалната заедница се од ООУ „Панајот Гиновски" – дури 33,3 %. Само 6,7% од испитаниците од ООУ „Даме Груев" не наишле на таква подршка додека 93,3% се задоволни од дадената подршка од локалната средина.

***15. Вашето училиште според законот за основно образование треба да изготви на секоја втора година нова самоевалуација. Кој учествуваше?***

а) поранешните наставници б) новите наставници в) незнам




График 15 - Структура на примерокот според вклученоста на човечки ресурси во изготвувањето на СЕУ




График 15а - Структура на примерокот според вклученоста на човечки ресурси во изготвувањето на СЕУ по училиште

60% од испитаниците потврдиле дека во изготвувањето на самоевалуацијата која се изработува според законот за основно образование на секоја втора година, најголемо учество зеле поранешните наставници, односно наставниците кои први биле вклучени во процесот на самоевалуација, а само 15% од испитаниците се изјасниле дека во процесот на самоевалуација се вклучени нови наставници, што доведува до прашање зошто не се вклучуваат други наставници кои би се обучиле за изработка на самоевалуација, а со тоа и би се зајакнале капацитетите на човечките ресурси. Во ООУ „Панајот Гиновски Скопје најмногу испитанице се изјасниле дека незнаат или не се информирани што наведува на размислување за незаинтересираност за вклученоста на наставниците во процесот на самоевалуацијата.Треба да се размислува на ова прашање мошне сериозно во училиштата. Потребна е дополнителна финансиска мотивација.

### 2. 1. 1. Заклучни согледувања од анкетата со наставници

Од анкетираните наставници, поголем дел се од машки пол, и тоа 57,5%. Мнозинство од анкетираните во ООУ „Панајот Гиновски" се од машки пол – 80%, додека дури 90% од анкетираните наставници во ООУ „Светозар Марковиќ" се од женски пол. Мнозинството од анкетираните го сочинуваат Македонци – 72,5%. Единствено во ООУ „Светозар Марковиќ" мнозинството го сочинуваат испитаници од Српска националност – 60%. Делумна е и застапеноста на анкетирани од други националности – 7,5%. Најголем број од анкетираните наставници имаат од 10–20 години работно искуство – 40%. Единствено во ООУ „Светозар Марковиќ" преовладува бројот на испитаници со помалку од 10 години работни искуство. Се уште има наставен кадар што не учествувал во процесот на самоевалуација што го потврдува бројот од 12,5% кои го изјавиле тоа. Сите испитаници во ООУ „Даме Груев" зеле учество во овој процес. Повеќе од половина од испитаниците (55%) се согласуваат дека самоевалуацијата ќе помогне да се подобри училиштето. Има и 5% од испитаниците кои изјавиле дека самоевалуацијата е досадна. Најпозитивни мислења и ставови кон самоевалуацијата имаат изразено анкетираните наставници од ООУ „Даме Груев с.Ерџелија". 35% од вкупниот број на испитаници изјавиле дека не учествуваат во годишната програма на училиштето. Повеќе од половина од анкетираните сметаат дека е мошне корисна можноста на вработените да ги согледаат постигнувањата на училиштето преку самоевалуацијата. 50% од испитаниците сметаат дека е корисно што преку процесот на самоевалуација ќе ја подобрат обуката и наставата на поефективен начин. Иако помалку од половина, сепак мнозинството од испитаниците се убедени дека самоевалуацијата ќе помогне да се подобрат односите помеѓу наставниците, учениците и родителите.Тоа се потврдува и со хипотезата. Околу 2/3 од анкетираните се мошне сигурни дека преку процесот на самоевалуација ќе станат подобри наставници. Сите испитаници од ООУ „Даме Груев" го потврдиле претходно кажаното. Исто така мнозинството од испитаниците се

согласуваат дека самоевалуацијата придонесува кон зголемување на мотивацијата и моралот.ова исто така се потврдува со поставената хипотеза на истражување. Во ООУ „Панајот Гиновски", испитаниците не се многу сигурни во горенаведеното тврдење.

Повеќе од половина од анкетираните се согласуваат и дека самоевалуацијата придонесува кон тоа родителите да придонесат за развојот на училиштето како и дека самоевалуцијата ја олеснува и подобрува интеракцијата со учениците. Испитаниците имаат поделени мислења во однос на тоа дали ресурсите за самоевалуацијата целосно се искористуваат. Како проблеми на кои анкетираните наставници наишле при спроведувањето на самоевалуацијата се јавуваат немање на доволно време и финансии. 5% од испитаниците тврдат дека не добиле грант за подобрување на училиштето од ПМО додека останатите одговориле потврдно на ова прашање. 25% од испитаниците не се согласуваат или не се сигурни дали средствата од грантот биле правило искористени. Повеќето се изјасниле дека самоевалуацијата делумно им помогнала во јакнење на капацитетот на човечките ресурси во нивните училишта. Ова се потврдува со поставената хипотеза на истражување. Најмногу од анкетираните биле вклучени само во 2 подрачја од самоевалуацијата, додека само во ООУ „Светозар Марковиќ"с. Нагоричане 50% се изјасниле дека биле вклучени во повеќе од 3 подрачја. Испитаниците имаат поделени мислења во однос на тоа дали да се внесе подрачјето „еко–средина" во самоевалуацијата. Над 80% од наставниците добиле поддршка во собирањето на податоци за изготвување на процесот на самоевалуацијата. 60% од анкетираните наставници потврдиле дека поранешните наставници учествувале во повторното изготвување на самоевалуацијата.Треба да се настојува да се изнајде начин на мотивирање за вклучување. Сериозно треба да се пристапи кон овој проблем и да се изнајде начин за нивно вклучување и покрај тоа што вклучените наставници не се наградени никако ниту барем со еден сертификат. Потребно е поголема заинтересираност и вклученост на човечките ресурси кое пак ќе допринесе за нивно јакнење. Само со силна желба и мотивација може да се развива, гради, согледува и на крај се постигнува посакуваното.

## 2. 2. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетата со ученици

***1. Пол***

а) машки б) женски




График 1 - Структура на примерокот по пол




График 1а - Структура на примерокот по пол според училиштето

45% од анкетираните ученици се од машки пол, а 55% од женски пол. Најголема разлика во соодносот во резултатите има во ООУ „Даме Груев"с. Ерџелија каде на секои две анкетирани момчиња има три анкетирани девојчиња .Повеќе од анкетираните во ООУ „Даме Груев"с. Ерџелија како и во

ООУ „Светозар Марковиќ"с. Нагоричане се од женски пол.Најмалку анкетирани од машки пол има од ООУ „Даме Груев"с. Ерџелија -40% од вкупниот број.

***2. Националност***

а) Македонец б) Србин в) Ром г) друго




График 2 - Структура на примерокот по националност




График 2а - Структура на примерокот по националност според училиштето

Од анкетираните ученици, 63,8% се изјасниле како Македонци, 22,5% како Срби, 2,5% како Роми и 11,3% од друга националност, од кои мнозинството се Бошњаци. Во ООУ „Светозар Марковиќ“ соодносот на анкетираните Македонци и Срби е 1:4, додека во ООУ „Панајот Гиновски“ 2/3 од испитаниците се Македонци, а дури 23,3% се од други националности. Најмногу Македонци според националноста има во ООУ „Даме Груев“с. Ерџелија дури 93,3 % од сите испитаници по училиште .Исто така како и кај испитаниците-наставници и овде кај испитаниците ученици најмалку се од ромска националност. Главно дека се анкетирани од повеќе националности.

***3.Во училиште:***

- можам да покажам што знам и умеам

а) секогаш б) понекогаш в) никогаш

- сум информиран за помошта што мошам да ја добијам од педагошко - психолошка служба

а) доволно б) малку в) недоволно




График 3_1 - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови




График 3_1а - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови според училиштето

60% од анкетираните ученици се изјасниле дека можат да покажат што знаат и умеат во училиштето секогаш, а 40% понекогаш. Во ООУ „Светозар Марковиќ" се поделени ставовите подеднакво во врска со тоа дали секогаш или понекогаш учениците се во можност да покажат што знаат и умеат. Учениците од ООУ „Даме Груев"с. Ерџелија во училиште можат да покажат што умеат и знаат во најголем процент, а во најмал процент дека можат да окажат понекогаш и ниту еден испитаник не бил спречен никогаш да покаже што знае и умее во училиште.



График 3_2 - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови




График 3_2а - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови според училиштето

45% од испитаниците се изјасниле дека се малку информирани за помошта што можат да ја добијат од педагошко-психолошката служба во училиштето. Дури 66,7% од учениците во ООУ „Даме Груев" се малку информирани дека можат да добијат помош од педагошко-психолошката служба, а 23,3% се изјасниле како недоволно информирани. Од друга страна, во ООУ „Панајот Гиновски", 66,7% од учениците се изјасниле дека се доволно информирани за помошта што можат да ја добијат од педагошко-психолошката служба во училиштето.Има и процент на недоволна информираност за помошта што можат да ја добијат од педагошко-психолошка служба. Потребно е поголема информираност за учениците.

### *4. Заокружи го бројот на следниве искази*

| | Во училиште се чуствувам убаво | а) никогаш | б) ретко | в) често |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кога се дружам со моите соученици | 1 | 2 | 3 |
| 2 | Кога наставникот ќе ме пофали | 1 | 2 | 3 |
| 3 | Кога наставникот ќе ме почитува | 1 | 2 | 3 |
| 4 | Кога наставникот ќе не сослуша | 1 | 2 | 3 |
| 5 | Кога наставникот ме вклучува во работата на СЕУ | 1 | 2 | 3 |




График 4_1 - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови



График 4_1а - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови според училиштето

95% од испитаниците често во училиштето се чувствуваат убаво кога се дружат со соучениците. Карактеристично е и тоа што во секое училиште поединечно го имаат истото чувство. Нема ученици кои не се чувствуваат убаво во училиштето.




График 4_2 - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови



График 4_2а - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови според училиштето

83,8% од испитаниците често во училиштето се чувствуваат убаво кога ќе бидат пофалени од страна на наставникот, додека 16,3% ретко се чувствуваат убаво во претходно наведената ситуација. Во ООУ „Даме Груев" сите испитаници се изјасниле апсолутно позитивно во ова прашање, додека во другите училишта има испитаници кои ретко се чувствуваат пријатно во училиште.




График 4_3 - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови




График 4_2а - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови според училиштето

73,8% од испитаниците често во училиштето се чувствуваат убаво кога се почитувани од страна на наставникот, а 3,8% никогаш не се почитувани од страна на наставникот. Во ООУ „Даме Груев" сите ученици се изјасниле дека се почитувани од страна на наставникот. Дури 55% од испитаниците од ООУ „Светозар Марковиќ" се изјасниле дека ретко се почитувани од страна на наставникот.




График 4_4 - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови




График 4_4а - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови според училиштето

82,5% од анкетираните ученици во училиштето често се чувствуваат убаво кога се сослушани од страна на наставникот во одредени ситуации, а 17,5% се изјасниле дека ретко се сослушани од страна на наставникот. Од сите испитаници, ниту еден не се изјаснил дека никогаш не е сослушан од страна на наставникот.




График 4_2 - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови




График 4_5а - Структура на примерокот по искажување на одредени ставови според училиштето

35% од испитаниците ретко се чувствуваат убаво кога наставникот ги вклучува во работа на самоевалуација, што иницира на тоа дека овој процес бара поголемо вклучување на учениците. Најчесто во процесот на самоевалуација се вклучувани учениците од ООУ „Даме Груев" – 40%, а најмалку од ООУ „Светозар Марковиќ"с. Нагоричане

***5. Дали знаете дека имате можност да ги разгледате наставните планови за работа на училиштето***

а) ДА б) НЕ




График 5 - Структура на примерокот по можност за разгледување на НПП




График 5 - Структура на примерокот по можност за разгледување на НПП според училиштето

82,5% од испитаниците се изјасниле дека не знаат дека постои можност да ги разгледаат наставните планови за работа на училиштето, а само 16,3% се запознаени со оваа можност. Ниту еден од испитаниците од ООУ „Даме Груев" не знаел дека има можност да ги разгледа наставните планови

***6. Дали самоиницијативно сте го побарале документот наставни планови и програми да го разгледате и се запознаете со неговата содржина***

а) ДА б) НЕ

објаснете зошто ДА или зошто НЕ.




График 6 - Структура на примерокот по запознавање на документот на НПП

93,8% од испитаниците самоиницијативно никогаш не го побарале документот НПП за да го разгледаат и да се запознаат со неговата содржина, додека само 6,3% го побарале. 32,5% од испитаниците се изјасниле дека не се заинтересирани за документот НПП, а 20 % не се запознаени со можноста дека можат да го побараат.




| | ООУ „Панајот Гиновски", Скопје | ООУ „Светозар Марковиќ", С. Нагоричане | ООУ „Даме Груев", с. Ерџелија |
|---|---|---|---|
| а) | 3.3% | 20.0% | 0.0% |
| б) | 96.7% | 80.0% | 100.0% |
| Не сум знаел/а дека можам да побарам | 43.3% | 15.0% | 0.0% |
| Не сум заинтересиран/а | 10.0% | 15.0% | 66.7% |
| Немало портеба | 6.7% | 0.0% | 0.0% |
| Бидејќи тоа е за наставниците, а не за учениците | 0.0% | 20.0% | 0.0% |
| Затоа што сакам да знам сè | 0.0% | 5.0% | 0.0% |
| Содржините од НПП ќе ги изучиме во текот на годината | 0.0% | 0.0% | 33.3% |

График 6а - Структура на примерокот по запознавање на документот на НПП по училиштето

Најголем процент од испитаниците што го побарале документот НПП се од ООУ „Светозар Марковиќ", односно 20%. Други 20% од испитаниците од ООУ „Светозар Марковиќ" мислат дека НПП е за наставниците, па поради тоа учениците не треба да го бараат и разгледуваат документот. Дури една третина од испитаниците од ООУ „Даме Груев" мислат дека нема потреба да го бараат документот поради што содржините од НПП ќе ги изучат во текот на учебната

година. Останатите две третини од испитаниците од ова училиште не се заинтересирани за овој документ.

***7. Заокружи го бројот на следниве искази***

| | Наставниците при работа на часови и при проекти | Никогаш (а) | Ретко (б) | Често (в) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ме вклучуваат во активностите | 1 | 2 | 3 |
| 2 | Имам чуство дека сум отфрлен | 1 | 2 | 3 |
| 3 | Ако имам интерес ме вклучуваат | 1 | 2 | 3 |




График 7_1 - Структура на примерокот во однос на вклученост во активностите на наставниците

63,8% од испитаниците често се вклучувани во активностите од страна на наставниците, а само 2,5% од учениците никогаш не се вклучени во активностите при работа на часови и проекти од страна на наставниците.




График 7_1а - Структура на примерокот во однос на вклученост во активностите на наставниците по училиште

Најчесто во активностите се вклучувани учениците од ООУ „Светозар Марковиќ". Ниту еден ученик од ООУ „Даме Груев" не се изјаснил дека никогаш не е вклучуван во активностите од страна на наставникот.Во најголем процент во сите училишта се вклучувани во активностите од страна на наставниците.




График 7_2 - Структура на примерокот во однос на вклученост во активностите на наставниците




График 7_2а - Структура на примерокот во однос на вклученост во активностите на наставниците по училиште

46,3% од анкетираните ученици никогаш не почуствувале дека се отфрлени од страна на наставниците, а 17,5% го доживеале чувството на отфрленост од страна на наставникот. 60% од испитаниците од ООУ „Даме Груев“ се изјасниле дека ретко имале чувство на отфрленост од страна на наставниците, за разлика од учениците од останатите две училишта кадешто над 70% од учениците никогаш немале вакво чувство на отфрленост од страна на наставниците.




График 7_3 - Структура на примерокот во однос на вклученост во активностите на наставниците




График 7_3а - Структура на примерокот во однос на вклученост во активностите на наставниците според училиштето

48,8% од испитаниците се изјасниле дека често покажуваат интерес да бидат вклучени од страна на наставникот во активностите на часот и при изработка на некој проект, а само 13,8% не покажувале интерес да бидат вклучени во активностите на наставникот. Од графиконот можеме да констатираме дека учениците често се вклучувани во активностите од страна на

наставникот доколку покажуваат интерес за нивно вклучување.Има ученици кои никогаш не се вклучувани во активности од страна на наставниците.

***8. Ви се дава ли можност да учествувате при изборот на изборните предмети во училиштето и на кој начин?***




График 8 - Структура на примерокот во однос на избор на изборни предмети

40% од испитаниците имале можност да учествуваат при изборот на изборни предмети во училиштето, а 47,5% се изјасниле дека овој избор го извршиле преку анкетни ливчиња кои им биле доделувани од страна на наставниците. 6,3% од испитаниците се изјасниле дека никогаш немале можност да изберат изборен предмет во училиштето.




| | ООУ „Панајот Гиновски", Скопје | ООУ „Светозар Марковиќ", С. Нагоричане | ООУ „Даме Груев", с. Ерџелија |
|---|---|---|---|
| Да | 36.7% | 50.0% | 36.7% |
| Да, со анкетни ливчиња | 36.7% | 40.0% | 63.3% |
| Да, со презентација | 6.7% | 0.0% | 0.0% |
| Да, бидејќи тоа е предмет кој ние ќе го учиме | 6.7% | 0.0% | 0.0% |
| Не | 10.0% | 10.0% | 0.0% |

График 8а - Структура на примерокот во однос на избор на изборни предмети според училиштето

Мнозинството од учениците од ООУ „Даме Груев" се изјасниле дека бираат изборни предмети преку анкетни ливчиња, додека ниту еден ученик не се изјаснил дека ја немал таа можност. Од друга страна, по 10% од учениците од ООУ „Панајот Гиновски" и ООУ „Светозар Марковиќ" се изјасниле дека никогаш не биле прашани за изборен предмет.

***9. Дали сте учествувале во процесот на самоевалуацијата***

а) ДА б) НЕ




График 9 - Структура на примерокот во однос на учество во процесот на самоевалуацијата




График 9а - Структура на примерокот во однос на учество во процесот на самоевалуацијата според училиштето

51,3% од анкетираните ученици се изјасниле дека биле вклучени во процесот на самоевалуација, а 48,8% дека никогаш не учествувале во процесот на самоевалуација. Во ООУ „Даме Груев" поголем дел од испитаниците (53,3%) се изјасниле дека не биле вклучени во процесот на самоевалуација за разлика

од испитанците од ООУ „Панајот Гиновски" кадешто ситуацијата е обратна – односно 56,7% од испитаниците биле вклучени. Во ООУ „Светозар Марковиќ" еднаков број испитаници се изјасниле дека биле вклучени и дека не биле вклучени во овој процес.

***10. Директорот, педагошко-психолошка служба и наставниците бараат мислење од мене во врска со прашања поврзани со училишниот живот***

а) лично  б) преку анкети  в) преку состаноци  г) никогаш не побарале




График 10 - Структура на примерокот во однос на давање мислење во врска со прашања поврзани со училишниот живот



График 10а - Структура на примерокот во однос на давање мислење во врска со прашања поврзани со училишниот живот според училиштето

42,5% од испитаниците се изјасниле дека директорот, наставниците и педагошко-психолошката служба бараат мислење во врска со прашања поврзани со училишниот живот преку анкети; од 27,5% од испитаниците никогаш не било побарано такво мислење. Дури 50% од анкетираните ученици од ООУ „Светозар Марковиќ" се изјасниле дека од нив никогаш не било побарано мислење во врска со горенаведените прашања поврзани со животот во училиштето. Во ООУ „Панајот Гиновски", мислењето од над половина од учениците било побарано преку анкети.

**2. 2. 1. Заклучни согледувања од анкетата со ученици**

55% од анкетираните ученици се од женски пол. Мнозинството (63,8%) се изјасниле како Македонци, додека останатите се декларирале како Срби, Роми и други националности од кои повеќето се Бошњаци. Иако 60% од учениците потврдиле дека секогаш на училиште можат да го покажат своето знаење и да се изразат, 40% рекле дека ова го можат само понекогаш. Ниту половина од учениците не се изјасниле дека се доволно информирани за помошта што можат да ја добијат од педагошко – психолошката служба во училиштето. 12,5% изјавиле дека се недоволно информирани за помошта што им се нуди од страна на оваа служба во училиштето. Скоро сите ученици изјавиле дека често се чувствуваат убаво во ситуации кога се дружат со своите соученици. Исто така мнозинството од учениците често се чувствуваат убаво во ситуации кога ќе бидат пофалени, почитувани и сослушани од страна на наставникот. Сепак мислењето е поделено во однос на тоа дали се чувствуваат убаво кога наставникот ги вклучува во процесот на самоевалуација.ова се потврдув асо хипотезата на истражување. Дури 82,5% од учениците не се запознаени со можноста да ги разгледаат годишните наставни планови за работа на училиштето! Во ООУ „Даме Груев" ниту еден ученик не одговорил потврдно на прашањето дали е запознаен со горенаведената можност. Само 6,3% самоиницијативно го побарале документот наставни планови и програми за да се запознаат и да ги разгледаат неговите содржини. Повеќето од тие кои се изјасниле дека ова не го сториле како причина навеле дека не биле запознаени со можноста да постапат така или пак не биле заинтересирани. Околу 2/3 од учениците изјавиле дека често биле вклучувани во активностите од страна на наставниците додека скоро сите останати биле само ретко вклучувани во активностите од страна на нивните наставници. 17,5% од анкетираните ученици често се чувствуваат отфрлени од страна на наставниците за време на часовите. Помалку од половина (46,3%) никогаш не се почуствувале отфрлени од наставниците за активностите на време на часовите. Слични се и резултатите на прашањето дали учениците се вклучувани во активностите од страна на наставниците доколку покажат интерес. 48,8% потврдиле дека често

се вклучувани во активностите доколку покажат интерес. Скоро сите учениците потврдиле дека учествуваат во изборот на изборни предмети и тоа најчесто преку наставни ливчиња. 51,3% од анкетираните ученици учествувале во процесот на самоевалуација додека останатите 48,8% не.учениците сметаат дека се подобрува училишната клима, култура и се постигнуваат подобри резултати во учењето. Ова се потврдува со поставената хипотеза на истражување. 42,5% од учениците изјавиле дека директорот, педагошко–психолошката служба и наставниците бараат мислење од учениците во врска со прашања поврзани со училишниот живот преку анкети. ¼ од испитаниците биле лично консултирани од горенаведените служби за мислење во врска со прашања поврзани со училишниот живот додека 27,5% никогаш не биле консултирани за такво мислење. Најмногу ученици кои никогаш не биле консултирани за мислење се од ООУ „Светозар Марковиќ" – 50% од испитаниците од тоа училиште.

## 2. 3. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетата со родители

***1. Пол***

а) машки б) женски




График 1 - Структура на примерокот по пол




График 1а - Структура на примерокот по пол според училиштето

56,3% од анкетирани родители се од машки пол, а 43,8% од женски пол. Од анкетирани родители на ученици од ООУ „Даме Груев", дури 63,3% се од машки пол, а 36,7% од женски пол.

***2. Националност***

а) Македонец б) Србин в) Ром г) друго




График 2 - Структура на примерокот по националност




График 2а - Структура на примерокот по националност според училиштето

58,8% од анкетираните се изјасниле како Македонци, 21,3% како Срби, 2,5% како Роми и 17,5% од друга националност. Доколку се споредат националностите на анкетираните родители и ученици, се добиваат неколку варијации, што се должат на различните изјаснувања на родителите и учениците во врска со националноста. 85% од анкетираните родители на ученици од ООУ „Светозар Марковиќ“ се изјасниле како Срби, а 15% како Македонци, додека во другите училишта Србите како националност не се застапени воопшто. Од другите националности најмногу има во ООУ „Панајот Гиновски“ – една третина од анкетираните.

***3. Заокружи го бројот на следниве искази***

| | Од моето дете дознав дека во училиштето се чуствува | а) никогаш | б) понекогаш | в) Секогаш | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Безбедно | 1 | 2 | 3 | | |
| 2 | Еднакво и рамноправно е третирано со другите ученици | 1 | 2 | 3 | | |
| 3 | Прифатено во одделението | 1 | 2 | 3 | | |




График 3_1 - Структура на примерокот по одредени ставови

72,5% од анкетираните родители се изјасниле дека секогаш нивните деца се чувствуваат безбедно во училиштето, а 8,8% дека нивните деца не се чувствуваат безбедно во училиштата.




График 3_1а - Структура на примерокот по одредени ставови според училиштето

Најбезбедно училиште според анкетираните родители е ООУ „Даме Груев“ за разлика од ООУ „Панајот Гиновски“ каде учениците се чувствуваат понекогаш безбедни во училиштето. Дури 23,3% од анкетираните родители тврдат дека нивните деца никогаш не се чувствуваат безбедно во училиштето ООУ „Панајот Гиновски“.




График 3_2 - Структура на примерокот по одредени ставови




График 3_2а - Структура на примерокот по одредени ставови според училиштето

73,8% од родителите мислат дека нивните деца се рамноправно и еднакво третирани со другите ученици, додека 12,5% воопшто не го делат ова

мислење. Во ООУ „Панајот Гиновски" и ООУ „Светозар Марковиќ" скоро сите родители мислат дека секогаш нивните деца се третирани еднакво и рамноправно со други ученици за разлика од родителите на учениците од ООУ „Даме Груев" каде дури 33,3% од нив се изјасниле дека нивните деца никогаш не се еднакво и рамноправно третирани со другите.




График 3_3 - Структура на примерокот по одредени ставови



График 3_3а - Структура на примерокот по одредени ставови според училиштето

82,5% од анкетираните родители мислат дека нивните деца секогаш се прифатени во одделението, а 17,5% сметаат дека само понекогаш нивните деца се прифатени во одделението. И овој пат родителите на учениците од ООУ „Даме Груев" сметаат дека нивните деца само понекогаш се прифатени во одделението – дури 40%, за разлика од ООУ „Светозар Марковиќ" и ООУ „Панајот Гиновски" кадешто скоро сите родители мислат дека нивните деца се секогаш прифатени во одделението.

***4. Заокружи го бројот на следниве искази***

| | Сметам дека во училиштето можам да добијам информации за | никогаш | понекогаш | Секогаш | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | развојот на моето дете | 1 | 2 | 3 | |
| 2 | за постигање во учењет | 1 | 2 | 3 | |
| 3 | за однесување | 1 | 2 | 3 | |
| 4 | за избор на идно образование | 1 | 2 | 3 | |




График 4_1 - Структура на примерокот по однос на добивањето информации

60% од испитаниците сметаат дека во училиштето секогаш можат да добијат информации за развојот на своето дете, додека 37,5% се изјасниле дека само понекогаш можат да добијат вакви информации и 2,5% сметаат дека никогаш не можат да добијат информации од училиштето за развојот на своето дете.




График 4_1а - Структура на примерокот по однос на добивањето информации според училиштето

Дури 66,7% од родителите на учениците од ООУ „Даме Груев“ (две третини) се изјасниле дека само понекогаш можат да добијат информации од училиштето за развојот на своето дете.




График 4_2 - Структура на примерокот по однос на добивањето информации




График 4_2а - Структура на примерокот по однос на добивањето информации според училиштето

98,8% од анкетираните родители потврдиле дека од училиштето секогаш можат да добијат информации за постигањата во учењето на своето дете. Сите родители на учениците од сите училишта сметаат дека секогаш можат да добијат такви информации со исклучок на 5% од родителите на учениците од ООУ „Светозар Марковиќ" кои се изјасниле дека само понекогаш можат да добијат такви информаии.




График 4_3 - Структура на примерокот по однос на добивањето информации




График 4_3а - Структура на примерокот по однос на добивањето информации според училиштето

97,5% од родителите се изјасниле дека секогаш можат да добијат информации од училиштето во врска со однесувањето на своето дете. Исто така и овој пат родителите на учениците од ООУ „Даме Груев" и ООУ „Панајот Гиновски" апсолутно се изјасниле дека секогаш можат да добијат такви информации.




График 4_4 - Структура на примерокот по однос на добивањето информации




График 4_4а - Структура на примерокот по однос на добивањето информации според училиштето

43,8% од родителите сметаат дека секогаш можат да добијат информации за изборот на идното образование на своето дете од страна на училиштето. 22,5% од анкетираните родители се изјасниле дека никогаш не можат да добијат такви информации од училиштето, а 33,8% дека само понекогаш. Во ООУ „Панајот Гиновски", дури 30% од испитаниците не можат да добијат информации за идното образование на своето дете од страна на училиштето, а во ООУ „Светозар Марковиќ" повеќе од половина од испитаниците се изјасниле дека секогаш можат да добијат такви информации од училиштето.

***5. Информации за следење на напредокот на моето дете и помош ги добивам преку***

а) родителски состанок
б) индивидуални средби со наставници
в) ученичка книшка
г) евидентни листови
д) педагошко-психолошка служба
ѓ) огласна табла




График 5 - Структура на примерокот според добивањето информации за напредокот на ученикот

80% од анкетираните родители се изјасниле дека информации за следење на своето дете и помош добиваат преку родителските состаноци, а најмалку информации добиваат преку педагошко-психолошката служба.




| | ООУ „Панајот Гиновски", Скопје | ООУ „Светозар Марковиќ", С. Нагоричане | ООУ „Даме Груев", с. Ерџелија |
|---|---|---|---|
| а) | 96.7% | 75.0% | 66.7% |
| б) | 33.3% | 0.0% | 66.7% |
| в) | 6.7% | 0.0% | 66.7% |
| г) | 13.3% | 35.0% | 76.7% |
| д) | 0.0% | 5.0% | 0.0% |
| ѓ) | 0.0% | 0.0% | 0.0% |

График 5а - Структура на примерокот според добивањето информации за напредокот на ученикот според училиштето

Во ООУ „Панајот Гиновски" и ООУ „Светозар Марковиќ" родителите најчесто информациите ги добиваат преку родителските состаноци, додека во ООУ „Даме Груев" преку евидентните листови. Забележлива е присутноста на индивидуалните средби на родителите со наставниците во ООУ „Даме Груев" (66,7%).

***6. Дали знаете дека имате можност да ги разгледате наставните планови за работа на училиштето***

а) ДА б) НЕ




График 6 - Структура на примерокот според можноста за разгледување на наставните планови за работа на училиштето




График 6а - Структура на примерокот според можноста за разгледување на наставните планови за работа на училиштето според училиште

55% од анкетираните родители немале можност да ги разледаат наставните планови за работа на училиштето, додека 45% од нив ја имале оваа можност. Дури 73,3% од родителите во ООУ „Панајот Гиновски" не се запознаени со наставните планови според кои се образуваат нивните деца за разлика од родители на учениците од ООУ „Даме Груев" кадешто две третини имале можност да се запознаат со документот НПП.

***7. Дали самоиницијативно сте го побарале документот наставни планови и програми да го разгледате и се запознаете со неговата содржина***

а) ДА б) НЕ

објаснете зошто ДА или зошто НЕ.



График 7 - Структура на примерокот според можноста за самоиницијативно разгледување на наставните планови за работа на училиштето

87,5% од испитаниците одговориле дека самоиницијативно не побарале да го разгледаат документот НПП и да се запознаат со неговата содржина, а само 12,5% од нив го сториле тоа. Дури 50% од анкетираните родители не се запознаени со можноста дека можат да го побараат документот НПП. 10% од испитаниците мислат дека треба да бидат членови на училшниот одбор за да бидат во можнос да го разгледаат документот НПП.

**Прашање 7**




| | ООУ „Панајот Гиновски“, Скопје | ООУ „Светозар Марковиќ“, С. Нагоричане | ООУ „Даме Груев“, с. Ерџелија |
|---|---|---|---|
| а) | 6.7% | 25.0% | 10.0% |
| б) | 93.3% | 75.0% | 90.0% |
| Мислам дека наставниците добро си ја вршат работата | 6.7% | 0.0% | 0.0% |
| Не сум запознаен/а со оваа можност | 50.0% | 10.0% | 76.7% |
| Не сум заинтересиран/а | 3.3% | 5.0% | 0.0% |
| Бидејќи во НПП нема многу измени од претходните генерации | 6.7% | 0.0% | 0.0% |
| Со информациите сме запознаени на родителските средби | 3.3% | 0.0% | 0.0% |
| Не сум во училиштен одбор за да го разгледам | 0.0% | 5.0% | 23.3% |

График 7а - Структура на примерокот според можноста за самоиницијативно разгледување на наставните планови за работа на училиштето според училиштето

Најголем процент на родители што го побарале документот се од ООУ „Светозар Марковиќ" – 25%. Исто така има и незаинтересирани родители за овој документ – 3,3% во ООУ „Панајот Гиновски" и 5% во ООУ „Светозар Марковиќ".

***8. Дали сте биле вклучени во процесот на изработка на самоевалуација во училиштето***

а) ДА б) НЕ




График 8 - Структура на примерокот во однос на вклученост на изработка на самоевалуација во училиштето




График 8а - Структура на примерокот во однос на вклученост на изработка на самоевалуација во училиштето според училиштето

90% од родителите не биле вклучени во процесот на изработка на самоевалуација, додека само 10% биле вклучени во овој процес. Во ООУ „Светозар Марковиќ“ воопшто родителите не биле вклучени во процесот на самоевалуација, а во ООУ „Даме Груев“ резултатите велат дека секои петти родител бил вклучен во процесот на самоевалуација.

***9. Што за вас претставува самоевалуација?***




График 9 - Структура на примерокот во однос на прашањето за самоевалуација

Фрапантен е податокот дека 71,3% од анкетираните родители не знаат што претставува самоевалуцијата. 8,8% од испитаниците сметаат дека тоа е инструмент за самоконтрола и проверка; 1,3% гледаат кон самоевалуацијата како индикатор за успешност; 6,3% го дефинираат како самооценување и 12,5% како резултатите на училиштето.




График 9а - Структура на примерокот во однос на прашањето за самоевалуација според училиштето

За родителите од ООУ „Светозар Марковиќ" не постои друга дефиниција за овој поим освен тоа дека тие не знаат што е тоа. Најголем дел од родителите кои дале прифатлив одговор на ова прашање се од ООУ „Даме Груев".

***10. Дали информациите за распределба на училишниот буџет ви се достапни***

а) ДА б) НЕ в) незнам дали постои таква можност




График 9 - Структура на примерокот во однос на достапност на информации за училишниот буџет




График 9 - Структура на примерокот во однос на достапност на информации за училишниот буџет според училиштето

52,5% од анкетираните родители не знаат дека имаат можност да добијат информации за распределбата на училишниот буџет, додека 42,5% се изјасниле дека овие информации не им се достапни, а само 5% дека информациите за распределбата на училишниот буџет им се достапни. На ниту еден родител од ООУ „Даме Груев“ овие информации не му се достапни, а и во останатите две училишта процентот на родителите на кои им се достапни не надминува 10%.

### 2. 3. 1. Заклучни согледувања од анкетата со родители

Од анкетираните родители 56,3% се од машки пол додека останатите од женски. Во ООУ „Даме Груев“ скоро 2/3 од испитаниците се од машки пол. 58,8% од родителите се изјасниле како Македонци, 21,3% како Срби а 17,8% се од други националности од кои повеќето се Бошњаци. Исто така има и мал процент на анкетирани родители кои се изјасниле како Роми – 2,5%. Најголем етнички диверзитет се забележува во ООУ „Панајот Гиновски“. 72,5% изјавиле дека нивните деца секогаш се чувствуваат безбедно во училиште додека 8,8% од родителите изјавиле сосема спротивно – дека нивните деца никогаш не се чувствуваат безбедно на училиште. Според изјавите на анкетираните родители, сите ученици во ООУ „Даме Груев“ секогаш се чувствуваат безбедно, но бројот на оние кои секогаш се чувствуваат безбедно во ООУ „Панајот Гиновски“ е само 43,3%. Скоро ¾ од учениците секогаш се чувствуваат рамноправни со своите соученици во училиштето. Дури 1/3 од анкетираните родители од ООУ „Даме Груев“ изјавиле дека нивните деца никогаш не се третирани подеднакво со нивните соученици. 82,5% од родителите изјавиле дека нивните деца секогаш се чувствуваат прифатени во одделението додека остатокот тврдат дека ова е само некогаш. 60% од родителите сметаат дека секогаш можат да добијат информации за развојот на своето дете во училиштето додека други 37,5% не се толку сигурни и тврдат дека информации во врска со развојот на нивното дете можат да добијат само некогаш. Дури 2/3 од родителите на ученици од ООУ „Даме Груев“ изјавиле дека не секогаш можат да добијат информации од

училиштето за развојот на нивното дете. Скоро сите родители (98,8%) потврдиле дека во училиштето секогаш можат да добијат информации за учењето и постигнувањата на нивното дете. Исто така 97,5% од анкетираните родители изјавиле дека секогаш можат да добијат информации од училиштето поврзани со однесувањето на нивното дете. 43,8% од родителите тврдат дека секогаш можат да се информираат во училиштето за понатамошното образование на своето дете додека 22,5% велат дека такви информации никогаш не можат да добијат од страна на училиштето. 80% добиваат информации за следење на напредокот на своите деца преку родителски состаноци. ¼ од нив ова го прават и преку директни средби со наставниците. 42,5% се информираат за следење на напредокот на своите деца преку евидентни листови додека само 1,3% ова го прават преку педагошко – психолошката служба. 55% од родителите се запознаени со можноста да ги разгледаат наставните планови за работа на училиштето. Најмалку запознаени со оваа можност се родителите на ученици од ООУ „Даме Груев" – само 1/3 од нив знаат дека можат да побараат да ги разгледаат наставните планови за работа на училиштето. Многу е мал бројот на родителите кои го побарале документот наставни планови и програми за да се запознаат со неговата содржина – 12,5%. 50% од испитаниците ова не го сториле бидејќи не биле запознаени со можноста дека можат да го побараат документот. 90% од анкетираните родители не биле вклучени во процесот на самоевалуација. Ниту еден родител од ООУ „Светозар Марковиќ" не бил вклучен во овој процес. 71,3% воопшто не знаат што е самоевалуација, додека останатите го споредуваат со инструмент за самоконтрола и проверка, индикатор за за успешност, самооценување и резултатите на училиштето. Треба да се поработи на полето да се организираат работилници за родителите и да се вклучат повеќе родители на кои ќе се стекнат со поголеми знаења за процесот на самоевалуацијата.А ова ќе се поврзе со хипотезата за истражување. Само на 5% од анкетираните родители им биле достапни информациите за распределба на училишниот буџет додека 52,5% не знаат дали постои можноста да им се

достапни тие информации. На ниту еден родител од ООУ „Даме Груев" оваа информација не му била достапна.

**2. 4. Анализа и интерпретација на разултатите од интервјуто со училиштен соработник**

Во ова истражување на тема „Јакнење на капацитетите на човечките ресурси преку процесот на самоевалуацијата во основното образование" е спроведено интервју со 3 училишни соработници кои беа вклучени во процесот на самоевалуација во рамките на Проектот за модернизација на образованието. Училишните соработници беа првите луѓе кои се запознаа и вклучија во изработка на самоевалуација. Тие имаа за задача да обучат координатори на секое училиште кои ќе се оспособат за изработка на самоевалуација на училиштето. На училишните соработници им беа поставени 5 прашања и од нив беше побарано да го искажат своето мислење во врска со самоевалуација на училиштата во основното образование. Во анализирањето на ставовите и мислењата произлезени од нивните одговори ќе кажеме неколку зборови за мислењето и сугестиите од страна на училишните соработници.

1. Колку училишта прифатија соработка во процесот на изработка на самоевалуација на училиштето?

- Појдовната точка за самоевалуацијата потекнува од проектот за модернизација на образованието. Училишните соработници беа поделени да обучуваат координатори на училиштата во 6 региони. На секој соработник беа доделени по 12 училишта. Сите училишта мораа да прифатат соработка бидејќи соработката беше регулирана со законот за основно образование.

2. Дали и вашата подршка на училиштата за имплементација на грантовите беше сосема доволна?

- Изработката на самоевалуација во рамките на Проектот за модернизација на образованието беше поврзана со доделување на грант на секое училиште доколку се придржува правилно при изработката на рамката на самоевалуацијата на 7 подрачја. Подршката од училишните соработници

беше доволна и тие дадоа и повеќе од себе за да може успешно да се реализира проектот.

3. Колку според вас наставниците - координатори на училишните проекти ПМО се оспособија самостојно да изработат самоевалуација со оглед на законското барање да секое училиште изготви нова самоевалуација на секои две години?

- Во рамките на ПМО секое училиште имаше три фази на работа. Првата фаза беше самоевалуација, втората план за развој и третата грант за подобрување на училиштето. Бидејќи координаторите во училиштата беа обучувани за сите три фази активно и успешно се вклучија во изработката. Тие беа премногу одговорни за нешто ново што првпат го среќаваат, за кое е потребна напорна работа, ентузијазам, желба, а сето тоа без финансии, односно надокнада за самиот координатор, што навистина беше изненадувачки. Координаторите беа премногу мотивирани за работа и успеаја мотивацијата да ја пренесат на останатите колеги од училиштата каде тимски требаше да работат на 7 подрачја и во целина ја изработат самоевалуацијата. Имаме сознание дека поголем дел од координаторите за изработка на првата самоевалуација имаат изработено веќе и втора самоевалуација на училиштето, а некаде веќе следува и трета бидејќи сега со последните измени на законот треба да се изработува на секоја втора година. Нашиот став е изграден за координаторите на овие училишта во кои се врши истражувањето и заслужуваат пофалба. Тие веќе изготвија нова самоевалуација, но за многу кратко време. Дури може слободно да кажеме дека тие и самостојно можат да изработат самоевалуација на училиштето. Според училишните соработници координаторите на училиштата се со зајакнати капацитети за изработка и спроведување на самоевалуацијата во своите училишта. Ова се потврдува со поставената хипотеза на истражување.

4. Имате ли сознание колку училиштата на реонот каде што вие бевте училишен соработник го имаат подобрено имиџот на училиштето?

- Училишните соработници во училиштата кадешто беа распределени имаат забележано дека некое од овие училишта многу го има подобрено имиџот на училиштето, но слободно можат да кажат дека слабите страни на училиштето се дефинирани, а некои од нив и отстранети.Се стремат кон подобрување,квалитет, ефикасност и ефективност.И ова хипотеза на истражување е поставена.

5. На кое подрачје од самоевалуацијата има најмногу потешкотии во регионот каде што бевте училишен соработник и наведете го името на училиштето?

- Ако го имаме во предвид фактот дека некои од подрачјата на самоевалуацијата беа пообемни за работа, односно се бараше да се одговори на поголем број прашања, слободно можеме да кажеме дека на потешкотии наидовме на подрачјето „Раководство и креирање политика" бидејќи најмал број податоци за истражување на оваа рамка беа овозможени, а исто така и најмалку познавања се покажаа за работата на училишните одбори. Едно од училиштата во кое се наиде на проблем беше во регион 6 во Куманово, но набргу проблемот околу ова подрачје на самоевалуацијата беше надминат и беше изработена целосната рамка на самоевалуација на училиштето. Училишните соработници според мене се една алка, но прекината од синџирот кој почна да се гради, активно беа вклучени во рамките на проектот ПМО, а воедно и финансирани за нивната работа со самото завршување на проектот, со самото завршување на финансирањето ја завршија својата работа. Мислам дека ова е грешка при самото одредување на училишните соработници и требаше да им биде поставена задача да направат барем некоја анализа за постигањата на училиштата по изготвувањето на самоевалуацијата која е во склад со годишната програма на училиштето. Ниту еден од соработниците не изјавил таква желба, а и не размислил за таква можност. Сметам дека овој пропуст од страна на МОН во иднина ќе биде надминат и ќе им се даде можност да направат евалуација на училиштата во однос на самоевалуацијата. Тие ќе можат да осознаат за многу недостатоци на кои можат да укажат, а ќе дознаат позитивни работи.

# V ДЕЛ

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Улогата на наставниците во процесот на самоевалуацијата во основното образование

Образовниот процес во основните училишта во Р. Македонија во најголемиот дел се одвива во учлници со класична настава според наставните програми и планови донесени од МОН. Наставниците се клучен субјект во образовниот процес. Самите наставници беа вклучени во истражувањето со цел да ги испитаат своите мислења и ставови во врска со самоевалуацијата во основните училишта и јакнење на капацитетите на човечките ресурси преку неа. Пристапот кон одговорот на прашањата претставува драгоцен придонес за истражувањето во настојувањето наведената тема самоевалуација да биде исцрпно и аргументирано разгледувана. Сите наставници доброволно се вклучени во анкетирањето со желба да допринесат за истражувањето, а со тоа и да се видат себеси - каде се наоѓаат во образовниот процес. Наставниците при вклучувањето беа одговорни, мотивирани и полни со инспирација но во исчекување што ќе се покаже со самото истражување. Самоевалуацијата за нив претставува многу напорна работа, но корисна што сепак ќе го подобрат имиџот на училиштето, да добијат информации околу процесот на спроведување, да ги согледаат слабите и јаките страни на училиштето и да можат во иднина да учествуваат во изработка на годишната програма на училиштето и умеат да ја изработат истата која е пропишана со законски рамки за изработка задолжителна за секое училиште. Самите наставници се во можност да ги согледаат и евалуираат постигањата на учениците во училиштето. Ќе успеат да го подобрат односот меѓу учениците, родителите и заедницата при што ќе станат добри наставници, а од друга страна ќе го зголемат и партнерството со другите наставници од заедницата. За наставниците да можат активно да се вклучат во процесот на самоевалуација е потребна обука. Во рамките на ПМО во 2006 година е овозможено да се обучат координаторите на училиштата кои понатаму го пренесуваат знаењето на останатите. Бидејќи рамката на самоевалуацијата треба да се пополни во 7 подрачја и бара многу време и извори на дополнителни податоци голем дел од наставниците сметаат дека изготвувањето на самоевалуацијата најлесно и најбрзо ќе ја направат

поранешните наставници кои учествувале во рамките на СЕУ. Кога се врши самоевалуација на училиштето наставниците се гледаат себеси во „огледало“ и со секое ново погледнување во огледалото тие забележуваат некакви промени. Секогаш промените се прифаќаат со резерва и потешкотии или не се прифаќаат, но наставниците знаат дека кога може нешто да се направи тоа и го прават. Огледалото е активен симбол за оние луѓе кои сакаат критички да ја преиспитаат својата активност или себе а притоа да ја постигнат целта и да го следат своето однесување. Огледалото го рефлектира и другиот дел на реалноста кој се наоѓа зад нас и на кој обично не обрнуваме внимание. Внатрешната реалност која е скриена зад фасадата постанува видлива. Во овој случај може да се забележи односот со партнерите, структурата на моќта, нереалните желби и скриените фрустрации во рамките на тимот. За нив самоевалуацијата претставува и „велосипед“ со кој возат напред, но се свртуваат и назад. Процесот на самоевалуација повеќе е циркуларен отколку линеарен. Животот можеме да го разбираме само ако се вртиме назад, но можеме да го живееме само напред. Велосипедот во процесот на самоевалуција допринесува за развојот на прашањата околу кои се врти. Со самоевалуацијата се промовира партнерството помеѓу повеќе субјекти. Овие две варијанти се сосема доволни да ги мотивираат наставниците за што почесто, поефикасно и поефективно вклучување во самиот процес на СЕУ, а притоа да бидат крајно мотивирани и доследно да ја извршат својата работа.

Само со практична имплементација на самоевалуацијата ќе се подобри квалитетот во наставата во воспитно-образовниот процес и ќе се зајакнат човечките ресурси.

## 2. Улогата на учениците во процесот на самоевалуацијата во основното образование

Учениците се дел од човечките ресурси кои беа вклучени во истражувањето. Во основните училишта во Р. Македонија учениците се дел од наставата. Тие се и главен субјект во воспитно-образовниот процес. Во истражувањето учениците се вклучени доброволно при што е внимавано да има испитаници од двата пола и од повеќе националности. Пријатно е чувството да се биде ученик во основно образование, но уште попријатно е да се добијат резултати преку кои самите ученици се потврдуваат и наоѓаат до каде се во воспитно-образовниот процес. Самите ученици ги согледуваат слабите и јаките страни на училиштето, се залагаат за понатамошно реализирање, не се вклучуваат целосно во разгледување на НПП бидејќи не се запознаени доволно со НПП, но имаат можност да учествуваат при изборот на изборни предмети. Одговорноста на учениците во ова истражување е голема. Тие одговорно си ја вршат својата работа без да покажат некаков отпор. Имаат желба да откријат нешто ново. Честопати постои страв кој е поврзан со љубопитноста. Како производ на конфликтот помеѓу љубопитноста и стравот доаѓа до отпор, а тоа е одличен сигнал дека стоиме пред нешто непознато. Таквиот отпор треба сериозно да го земеме во предвид. Активното слушање и активната работа е една од стратегиите во борбата против отпорот. Желбата за работа ќе ги стави во една форма на бура од идеи. Учениците сакаат да се вклучат во процесот на самоевалуација бидејќи таа претставува едно отсликување на својата работа која е поврзана со поволности и негативности.

## 3. Улогата на родителите во процесот на самоевалуацијата во основното образование

Родителите се многу важни партиципиенти во училишниот живот. Тие сакаат да се вклучуваат во училишните проекти, но се соочуваат со отпор кога ќе се спомене самоевалуацијата. За нив тоа е нешто ново, нешто со кое треба да се организира некоја обука и нешто за што треба да се потроши многу време, а од кое не се запознаени дали ќе има бенефит. Во училиштето присуствуваат на родителски состаноци и го следат напредокот и постигањата на своето дете и однесувањето во училишната средина. Родителите во истражувањето се вклучени исто така доброволно без да покажат некаков отпор, но со мала резерва за непознавање. Свесни се за својата улога која им е доделена, но исто така се свесни и за резултатите од нивното учество во истражувањето. Треба почесто да се вклучуваат во сферите на училишниот живот таму кадешто можат да допринесат за промовирање на своите идеи и имплементираат конкретна пракса во процесот на самоевалуација. Родителите се третата страна на триаголникот и без нив не е можно да се добијат конкретни резултати ако активно не се вклучат во истражувањето. Внатрешната мотивација и желбата за самодокажување ги води на добар пат со аргументи и цели да помогнат во донесување одлуки.

**4. Улогата на училишните соработници врз основа на добиените резултати во процесот на самоевалуацијата во основното образование**

Во рамката на ПМО беа вклучени училишни соработници кои беа задолжени за едукација на координаторите на училиштата по региони и фази. Тие беа присутни во училиштата и во секое време одговорни при планирањето на работата. Тие имаа задача да обезбедат ефективност и квалитет на работата на училиштето преку координаторите на самите училишта. Училишните соработници беа дел од регионалниот одбор за евалуација (РОЕ) кои во првата фаза ја оценуваа самоевалуацијата на училиштето, во втората фаза развојниот план на училиштето а со тоа и можноста да се здобијат со грантови за подобрување на училиштата. Имаа критериуми за бодување на сите овие документи во однос на временската рамка во однос на сите 7 подрачја. Во процесот на консултации биле консултирани главните чинители и нивниот придонес рефлектиран во резултатите за секоја клучна област. Според критериумот секое училиште можеше да освои 28 бода. Исто така беше оценуван и развојниот план. Регионалниот одбор имаше за задача да даде оценка, забелешка, а со тоа и дијагностичко потенцирање на јаките и слабите страни во областите во кои е потребно подобрување. нивнат улога има големо значење бидејки тие помогнаа да се подобри имиџот во некое ичилиште. Истите тие ги оспособија координаторите да изготвуваат перфекционостичка самоевалуација на училиштето во кое работаат на секои две години.

## 5. Заклучни согледувања

Р. Македонија се соочува и ќе се соочува со решавање низа значајни прашања. Во центарот на вниманието се наоѓа самоевалуацијата во основното образование. Основна цел во овој случај е јакнење на капацитетите на човечките ресурси преку процесот на самоевалуација. Вклучувањето на клучните субјекти во воспитно-образовниот процес како што се наставници, ученици и родители е од големо значење за реашвање одредени проблеми во образованието. Законот за основно образование предвидува изработка на самоевалуација која пак претставува еден чекор напред за подобрување и настојување за остварување на соништата на секој субјект да изгради подобра иднина. Финансиски, човечки и материјални ресурси се неопходни во вклучување на проекти. Тие вложуваат средства, време, енергија и стручно знаење. Преку нивното вклучување во рамките на самоевалуацијата се доаѓа до резултати кои понатаму треба да се подобрат. Потребно е инвестирање во човечките ресурси на долгорочен план, а не на краткорочен бидејќи само долгорочната инвестиција е исплатлива. Штом еднаш се инвестира, тие стануваат свесни за придобивките и продолжуваат понатаму и после завршувањето да бележат бенефиции и ефекти. Овие субјекти секогаш треба да бидат спремни за соработка и логистичка подршка. Се она што се евалуира не треба да биде прекинато туку напротив, треба да се навраќа на него и да биде репер на партиципирањето.

# VI ДЕЛ

# ПРИЛОЗИ

**1. Прашалник за наставници**

Почитувани,

Овој прашалник е наменет за Вас и има за цел да се испитаат вашите мислења и ставови во врска со самоевалуацијата во основните училишта и јакнење на капацитетите на човечките ресурси преку неа.

Вашето пристапување кон одговарање на прашањата во овој прашалник, претставува драгоцен придонес за нас, во настојувањето наведената тема да биде исцрпно и аргументирано разгледувана.

Прашалникот е составен од три типа на прашања: прашања од отворен тип, прашања од затворен тип и прашања од комбиниран тип.

При прашањата од затворен тип треба да изберете еден од неколкуте понудени одговори што го изразува вашиот став или мислење, кај отворениот тип на прашања сами го формулирате вашиот одговор, а пак кај комбинираниот тип на прашања, доколку вашиот одговор го нема во еден од понудените формулирајте го сами. Анкетирањето е анонимно, а изборот да Ве анкетираме Вас е сосема случаен. Затоа Ве молиме да одговорите на сите прашања во прашалникот.

Однапред ви благодариме за одвоеното време и за Вашиот придонес за ова истражување.

## АНКЕТА ЗА НАСТАВНИЦИ

1. Пол

а) машки   б) женски

2. Националност

а) Македонец   б) Србин   в) Ром   г) друго

3. Колку години работно искуство имате стекнато само во образование

а) до 10 год.   б) 10-20   в) 20-30   г) над 30

4. Дали сте учествувале во процесот на самоевалуацијата во вашето училиште

а) ДА   б) НЕ

5. Заокружете ги или подвлечете ги зборовите или фразите кои ги искажуваат вашите ставови за самоевалуацијата:

напорна работа   одзема многу време   исполнувачко

имаше многу потешкотии   ништо нема да испадне од ова

корисно   досадно   стимулирачко

ќе ни помогне да го подобриме училиштето

ќе добиеме доволно информации околу процесот на спроведување

ќе ни помогне да ги согледаме јаките и слабите страни на училиштето

6. Дали учествувате во годишната програма во училиштето

а) ДА   б) НЕ

7. Која од следниве нешта е поволност која произлегува од процесот на самоевалуацијата

Оценете ги поволностите од 1 до 4 и тоа на следниот начин

1 малку корисно

2 донекаде корисно

3 корисно

4 мошне корисно

| | | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вработените се во можност да ги согледаат и евалуираат постигнувањата на училиштето | | | | |
| 2 | Ќе има можност да ја подобриме обуката и наставата на еден поефективен начин | | | | |
| 3 | Ќе се подобри односот помеѓу учениците родителите и заедницата | | | | |
| 4 | Ќе станеме добри наставници | | | | |
| 5 | Мотивацијата и моралот ќе се зголемат | | | | |
| 6 | Ќе имаме можност да ги споделиме знаењето и вештините со друи наставници и со останатите од заедницата | | | | |
| 7 | Родителите ќе согледаат | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | дека можат да придонесат за развојот на нашето училиште | | | | |
| 8 | Ќе се подобри интеракцијата со учениците | | | | |
| 9 | Целосно ќе се користат постоечките ресурси | | | | |

8. Наведете ги проблемите со кои се соочивте при спроведувањето на самоевалуацијата на училиштето

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

9. Дали добивте грант за подобрување на училиштето од ПМО

а) ДА б) НЕ

10. Дали сметате дека средствата од грантот беа правилно и целосно искористени

а) ДА б) НЕ в) НЕЗНАМ

11. Сметате ли дека процесот на самоевалуација ви помогна за јакнење на капацитетите на човечките ресурси во училиштето

а) многу ми помогна б) делумно ми помогна в) воопшто не ми помогна

12. Во колку подрачја на самоевалуацијата бевте вклучени

а) две б) три в) повеќе

13. Сметате ли дека треба да се внесе ново подрачје - еко средина во рамките на процесот на самоевалуацијата

а) ДА б) НЕ в) доволно се овие

14. Имавте ли подршка при прибирањето на податоци за изготвувањето на самоевалуацијата во училиштето од локалната средина

а) ДА б) НЕ

15. Вашето училиште според законот за основно образование треба да изготви на секој две години нова самоевалуација. Кој учествуваше?

а) поранешните наставници б) новите наставници в) незнам

## 2. Прашалник за ученици

Почитувани,

Овој прашалник е наменет за Вас и има за цел да се испитаат вашите мислења и ставови во врска со самоевалуацијата во основните училишта и јакнење на капацитетите на човечките ресурси преку неа.

Вашето пристапување кон одговарање на прашањата во овој прашалник, претставува драгоцен придонес за нас, во настојувањето наведената тема да биде исцрпно и аргументирано разгледувана.

Прашалникот е составен од три типа на прашања: прашања од отворен тип, прашања од затворен тип и прашања од комбиниран тип.

При прашањата од затворен тип треба да изберете еден од неколкуте понудени одговори што го изразува вашиот став или мислење, кај отворениот тип на прашања сами го формулирате вашиот одговор, а пак кај комбинираниот тип на прашања, доколку вашиот одговор го нема во еден од понудените формулирајте го сами. Анкетирањето е анонимно, а изборот да Ве анкетираме Вас е сосема случаен. Затоа Ве молиме да одговорите на сите прашања во прашалникот.

Однапред ви благодариме за одвоеното време и за Вашиот придонес за ова истражување.

# АНКЕТА ЗА УЧЕНИЦИ

1. Пол

а) машки б) женски

2. Националност

а) Македонец б) Србин в) Ром г) друго

3. Училиште:

- можам да покажам што знам и умеам

а) секогаш б) понекогаш в) никогаш

- сум информиран за помошта што мошам да ја добијам од педагошко - психолошка служба

а) доволно б) малку в) недоволно

4. Заокружи го бројот на следниве искази

| | Во училиште се чуствувам убаво | никогаш | ретко | често |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кога се дружам со моите соученици | 1 | 2 | 3 |
| 2 | Кога наставникот ќе ме пофали | 1 | 2 | 3 |
| 3 | Кога наставникот ќе ме почитува | 1 | 2 | 3 |
| 4 | Кога наставникот ќе не сослуша | 1 | 2 | 3 |
| 5 | Кога наставникот ме вклучува во работата на СЕУ | 1 | 2 | 3 |

5. Дали знаете дека имате можност да ги разгледате наставните планови за работа на училиштето

а) ДА б) НЕ

6. Дали самоиницијативно сте го побарале документот наставни планови и програми да го разгледате и се запознаете со неговата содржина

а) ДА б) НЕ

објаснете зошто ДА или зошто НЕ

___

___

7. Заокружи го бројот на следниве искази

| | Наставниците при работа на часови и при проекти | никогаш | ретко | Често | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ме вклучуваат во активностите | 1 | 2 | 3 | |
| 2 | Имам чуство дека сум отфрлен | 1 | 2 | 3 | |
| 3 | Ако имам интерес ме вклучуваат | 1 | 2 | 3 | |

8. Ви се дава ли можност да учествувате при изборот на изборните предмети во училиштето и на кој начин?

___

___

9. Дали сте учествувале во процесот на самоевалуацијата

а) ДА б) НЕ

10. Директорот, педагошко-психолошка служба и наставниците бараат мислење од мене во врска со прачања поврзани со училишниот живот

а) лично б) преку анкети в) преку состаноци г) никогаш не побарале

**3. Прашалник за родители**

Почитувани,

Овој прашалник е наменет за Вас и има за цел да се испитаат вашите мислења и ставови во врска со самоевалуацијата во основните училишта и јакнење на капацитетите на човечките ресурси преку неа.

Вашето пристапување кон одговарање на прашањата во овој прашалник, претставува драгоцен придонес за нас, во настојувањето наведената тема да биде исцрпно и аргументирано разгледувана.

Прашалникот е составен од три типа на прашања: прашања од отворен тип, прашања од затворен тип и прашања од комбиниран тип.

При прашањата од затворен тип треба да изберете еден од неколкуте понудени одговори што го изразува вашиот став или мислење, кај отворениот тип на прашања сами го формулирате вашиот одговор, а пак кај комбинираниот тип на прашања, доколку вашиот одговор го нема во еден од понудените формулирајте го сами. Анкетирањето е анонимно, а изборот да Ве анкетираме Вас е сосема случаен. Затоа Ве молиме да одговорите на сите прашања во прашалникот.

Однапред ви благодариме за одвоеното време и за Вашиот придонес за ова истражување.

# АНКЕТА ЗА РОДИТЕЛИ

1. Пол

а) машки б) женски

2. Националност

а) Македонец б) Србин в) Ром г) друго

3. Заокружи го бројот на следниве искази

| | Од моето дете дознав дека во училиштето се чуствува | никогаш | понекогаш | Секогаш |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Безбедно | 1 | 2 | 3 |
| 2 | Еднакво и рамноправно е третирано со другите ученици | 1 | 2 | 3 |
| 3 | Прифатено во одделението | 1 | 2 | 3 |

4. Заокружи го бројот на следниве искази

| | Сметам дека во училиштето можам да добијам информации за | никогаш | понекогаш | Секогаш |
|---|---|---|---|---|
| 1 | развојот на моето дете | 1 | 2 | 3 |
| 2 | за постигање во учењет | 1 | 2 | 3 |
| 3 | за однесување | 1 | 2 | 3 |
| 4 | за избор на идно образование | 1 | 2 | 3 |

5. Информации за следење на напредокот на моето дете и помош ги добивам преку

а) родителски состанок б) индивидуални средби со наставници

в) ученичка книшка г) евидентни листови

д) педагошко-психолошка служба ѓ) огласна табла

6. Дали знаете дека имате можност да ги разгледате наставните планови за работа на училиштето

а) ДА б) НЕ

7. Дали самоиницијативно сте го побарале документот наставни планови и програми да го разгледате и се запознаете со неговата содржина

а) ДА б) НЕ

објаснете зошто ДА или зошто НЕ ________________________________________

________________________________________________________________

_

8. Дали сте биле вклучени во процесот на изработка на самоевалуација во училиштето

а) ДА б) НЕ

9. Што за вас претставува самоевалуација?

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

10. Дали информациите за распределба на училишниот буџет ви се достапни

а) ДА б) НЕ в) незнам дали постои таква можност

## 4. Интервју со училиштен соработник

1. Колку училишта прифатија соработка во процесот на изработка на самоевалуација на училиштето?
2. Дали и вашата подршка на училиштата за имплементација на грантовите беше сосема доволно?
3. Колку според вас наставниците - координатори на училишните проекти ПМО се оспособија самостојно да изработат самоевалуација со оглед на законското барање да секое училиште изготви нова самоевалуација на секои три години?
4. Имате ли сознание колку училиштата на реонот каде што вие бевте училишен соработник го имаат подобрено имиџот на училиштето?
5. На кое подрачје од самоевалуацијата има најмногу потешкотии во регионот каде што бевте училишен соработник и наведете го името на училиштето?

## 5. Користена литература

*Ангелоска-Галевска, Н. 1998. Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието.Битола: Киро Дандаро*

*Barbara Gross Davis, 2009. Tools for Teaching. United States of America.*

*Benjamin, M. 1997. Strategija promena. Beograd : Broj 1*

*Bezinovic, P. 2006. Samovrednovanje u funkcii unapredjivanje kvaliteta skola. Hrvatska.*

*Bokovlev,M. 1989. Osnovi na pedagogija Belgrad Zavod za Ucebnici*

*Bognar, L 1993. Didaktika ZagrebSkolska Kniga*

*Bognar, 1993 Metodoloska pitanja didaktika*

*Bruce, Joyce 2002. Postiganja ucenika kroz usavrsavanje nastavnika*

*Bruner, J 2000. Kultura obrazovanja. Zagreb: Educa*

*Vesna ,N. Hanna ,C. 2000. Am I Teaching Well? Self-Evaluation Strategies for Effective Teachers,*

*Declaration from conference in Vienna 1998. 20/21 November 1998.*

*Debbie ,M.2008.Teaching with Intention, United States of America: Pembroke Publishers*

*Deborah,P. 2005. Successful School Grants: Fulfilling the Promise of School Improvement,*

*Earley, P. Fidler, B. and Ouston, J. 1996. Improvement Through Inspection? London: Complementary Approaches to School Development.*

*Eric,J. 2005. Teaching with the Brain in Mind, Revised 2nd Edition Alexsandria : Association for Supervision and Curriculum Development*

*Ferguson, N. Earley, P. Fidler, B. and Ouston, J. 2000. Improving Schools and Inspection:, London: the Self-Inspecting School*

*Fetterman, D.M. Kaftarian, S.J. Wandersman, A 1995. Empowerment Evaluation: Knowledge and Tools for Self-assessment and Accountabilit,*

*Fowler, A. 2000. Partnership: Negotiating Relationships. A resource for Nongovernmental Development Organisations. Oxford: Occasional Papers Series, INTRAC 32.*

*Георгиевски, Т.Р. 1999. Социологија на образованието.Скопје: Веда*

*Жоглев, З. 2002. Социологија на образованието ,Битола: Киро Дандаро*

*Закон за основно образование службен весник 133/2006. i 103/2008.*

*Jim, F. and David, F. 1995.Teaching With Love and Logic: Taking Control of the Classroom , The Love and Logic Press,Inc, United States of America .*

*Индикатори за квалитет на успех од ДПИ нспекторат.*

*Кантарџиев, Р. 2002.Историја на образованието и просветата во Македонија.Скопје: Просветно Дело*

*Kim ,M.2009. Rethinking Teacher Supervision and Evaluation: How to Work Smart, Build Collaboration, and Close the Achievement Gap United States of America: A Wiley Imprint*

*Kyriacou, C.1986. Effective Teaching in Schools. Oxford: Basil Blackwell*

*Lopes, C. Theisohn, T. Ownership. 2003. Leadership and Transformation-Can we do better for Capacity. London: Earthscan/UNDP*

*Mac Beath, J.1999. Schools Must Speak for Themselves: the Case for School Self-evaluation, London: MACEDONIA SIG Training Handouts*

*Матевски, З. 2002. Масмедиуми и настава. Скопје: Здружение на социолози на РМ.*

*Muzic, V.1973. Metodologija pedagoskog istrazivanja.. Sarajevo: , Zavod za udzebnike.*

*Nedovic, V. 1998. Direktor skole - nastava i nastavnici, , Beograd: Prosveta*

*Office for standards in education, 1999. Handbook for Inspecting Primary and Nursery Schools with Guidance on Self-evaluation (Inspecting Schools). London: The Stationery Office,*

*Office for standards in education, 1999. Handbook for Inspecting Secondary Schools with Guidance on Self-evaluation (Inspecting Schools). London: The Stationery Office*

*Office for standards in education, 1998. School Evaluation Matters. London: OFSTED,*

*Parker J. Palmer,2007. The Courage to Teach: Exploring the Inner. Landscape of a Teacher's Life 10th Anniversary Edition San Francisco.*

*Правила и постапки за вршење на инспекциски надзор на просветниот инспекторат на службен весник на РМ 82/2006 .*

*Прирачник: Грантови за подобрување на училиштата 2005*

*Прирачник за самоевалуација, И.М.Пакт*

*Прирачник за набавки за грантови за развој на училиштата 2005*

*Robert J. Marzano. Debra J. Pickering. and Jane E. Pollock2004. Instruction that Works: Research-Based Strategies for Increasing Student Achievement , N.Beauregard St.,Alexsandria*

*Саломовчев , Б.1984. Теоретските и методички основина воспитната работа. Скопје: Универзитет Кирил и Методиј .*

*Saunders, L.1999. Who or what is school 'self'-evaluation for?' School Effectiveness and School Improvement*

*Torrington, D. 2004.Why Don't Students Like School": A Cognitive Scie.ntist Answers Questions About How the Mind Works and What It Means for the Classroom, 2009*

*Trnavac, N . 1996. Pedagog u skoli . Beograd : Ucitelski fakultet*

*Vilotijevic, M. 2004. Vrednovanje rada skole . Saraevo : Filozofski fakultet*

*ДОКУМЕНТИ*

*НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА РМ(2005-2015).*

*Закон за основно образование службен весник 133/2006. i 103/2008.*

*Правила и постапки за вршење на инспекциски надзор на просветниот инспекторат на службен весник на РМ 82/2006 .*